| Изготвување на прашалник, наменат за наставниците со кој, наставниците ќе ги забележат учениците кои манифестираат емоционални потешкотии | Октомври 2023 | Прашалник, и друга помошна литература | Наставници стручни соработници |
| Евидентирање на учениците кои манифестираат емоционални потешкотии | Во текот на 2023/24 | Список научениците со возраст | стручни соработници |
| Индивидуално запознавање со учениците со емоционални потешкотии | континуирано | Изработка на листа на биографски податоци за секој Ученик | стручни соработници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Советодавни разговори со учениците со емоционални проблеми | По потреба | Евидентни листови за разговор со ученици, дневник за работа соученици | стручни соработници |
| Средба и советодавни разговори со родителите на ученикот кој манифестираемоционални проблеми | По потреба | Евидентни листови за разговор со родители и дневник | стручни соработници<br>родители<br>наставници |
| Препораки за родителите кои имаат детекое манифестира емоционални проблеми | континуирано | Брошури препораки | стручни соработници<br>родители |
| Препораки за наставниците кои имаат дете во паралелката | континуирано | Препораки,совети | стручни соработници<br>наставници |

### 8.14 Туторска поддршка на учениците

Во учебната 2023/24 год. за потребите на училиштето ќе се побара туторска поддршка за учениците согласно член 36 од ЗОО,каде МОН обезбедува дополнителна поддршка за учениците по оддредени предмети според наставниот план и програма по претходна добиена согласност од родителот/старателот на ученикот со кој ке работи тутор-волонтер согласно Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основно образование утврдена од Министерот.

### 8.15 План на образовниот медијатор

Согласно член 37 од Законот за основно образование ,училиштето за потребите на учениците роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства или се подолго време надвор од образовниот систем поднесе Барање за ангажирање на образовен медијатор до МОН.Образовниот медијатор ќе превзема активности за подобрување на информираноста и можностите и пристапот до училиштата ,спроведува редовни средби со родителите и наставниците презвема активности за мотивирање и потикнување на учениците со цел намалување на напуштањето на образовниот процес од страна на учениците согласно Програмата за работа на образовниот медијатор.

За целокупната работа ќе доставува месечен ,полугодишен и годишен извештај за својата работа. Одговорни лица кои ќе ја следат работата се: Директорот,стручните соработници,преставници од МОН.

## 9.Вонннаставни активности

### 9.1 Училиштни спортски клубови

Училишниот спортски клуб „УСК Гоце Делчев’’-2014 е основан во 2014 год.од страна на предметните наставници по ФЗО,согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт со цел развивање и унапредување на сите форми на спортски активности на сите учениците во училиштето

Одговорни за неговото функционирање се предметните наставници по ФЗО: претседател Александар Кузмановски,Драган Соколов и одделенските наставници Лилјана Анчевска ,Тања Јовановска и Сузана Павловска.

Целите на Училишниот спорт се :
1.Да ги развива и зацврстува кај учениците секојдневниет навики за спортска активност.
2.Да ги развива и кондиционите и кординационите способности.
3.Да формира и негува хигиенски навики
4.Да им овозможи нанадарените ученици напредување на спортскиот талент.

5.Да придонесува кон развивање на хумани меѓучовечки одности и натпреварувачки дух.

Во нашето училиште во рамките на Училилишниот спортски клуб се застапени сл. спортови:футсал,одбојка (женски) ,карате.
На почетокот на учебната 2023/24 год.преку Анкетни прашалници на учениците ќе им бидат понудени видовите на спортови (футсал,одбојка (женски) ,карате, кои ќе се вежбаат во Училишниот клуб и самите ученици за изберат каде да се вклучат.

Директорот на училиштето и Општина Аеродром ја следи работата на клубот и постојано се набавуваат нови спортски реквизити и опрема за учениците која им е потребна за вежбање и турнири кои се организираат согласно Програмата за натпревари за 2023/24год.

| **Планирани активности** | **Време на реализација** | **Реализатори** |
|---|---|---|
| 1.Изработка на Програма и план за работа на Училиштниот спортски клуб | Август 2023 | Драган Соколов<br>Александар Кузмановски |
| 2.Состаноци со одговорните за водење на клубот | Август 2023<br>Во текот на учебната 2023/24 г. | Драган Соколов<br>Александар Кузмановски |
| 3.Изработка на анкетни листови за ученици ,нивно доставување и изработка на списоци на ученици членови на спортскиот клуб | Август 2023<br>Септември 2023 | Драган Соколов<br>Александар Кузмановски |
| 4.Промоција на Програмата на работата на Училишниот клуб пред учениците,договор на термините зработа,Правилникот за однесување во спортската сала. | Септември 2023 | Драган Соколов<br>Александар Кузмановски |
| 5.Формирање на Тимови на ученици-футсал,одбојка ,карате. | Септември 2023 | Драган Соколов<br>Александар Кузмановски |
| 6.Оддржување на редовни тренинзи согласно утврдената динамика на работа<br>-Следење на работата на клубот | Во текот на учебната 2023/24 год. | Директор<br>Драган Соколов<br>Александар Кузмановски |
| 7.Одржување и Учество на училишни,општински,регионални натпревари,хуманитарни турнири согласно Програмата за натпреви ,по повод Денот на училиштето и др.поводи. | Во текот на учебната 2023/24год. | Драган Соколов<br>Александар Кузмановски<br>Соработници од училиштата на ниво на Град Скопје. |
| 8.Соработка со др.институции и училишта во Општина Аеродром,на ниво на Град Скопје,ФФМ и др. | Во текот на учебната 2023/24 год. | Драган Соколов<br>Александар Кузмановски<br>Соработници од училиштата, преставници на институциите. |
| 9.Учество и реализција на проекти – Фудбал во училиште, | Во текот на учебната 2023/24 год. | Драган Соколов<br>Александар Кузмановски<br>Соработници од училиштата, преставници на институциите.<br>Мартина Боглева |
| 10.Организирање на спортски хуманитарни натпревари –собирање на донации | Во текот на учебната 2023/24 год. | Директор<br>Драган Соколов<br>Александар Кузмановски<br>Соработници од училиштата, преставници на институциите. |

| | | |
|---|---|---|
| 11.Организирање на работилници,дискусии на теми:<br>-дискусии за здрава храна и здрав начин на живот преку спортски активности.<br>-развивање на култура за ненасилно однесување во спортот и др. | Во текот на учебната 2023/24 год. | Директор<br>Драган Соколов<br>Александар Кузмановски<br>Родители, преставници на институциите |
| 12.Набавка и прибирање на донација од Општина Аеродром,проекти и др. | Во текот на учебната 2023/24 год. | Драган Соколов<br>Александар Кузмановски<br>Преставници на општината,донатори и др. |
| 13.Евалуација на реализацијата на активностите и изработка на Годишен извештај за работата на клубот. | Јуни 2024 год. | Директор<br>Драган Соколов<br>Александар Кузмановски |

## 9.2 Секции/Клубови

Наставните и воннаставните активности претставуваат нераскинлива целина во воспитнообразовниот процес што ги создаваат потребните предуслови ученикот да се развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност.

Училиштето согласно новата Концепција за вонннаставни активности од БРО ќе планира и ќе се организираат разновидни воннаставни активности –секции кои се подолготрајни активности и се реализираат 1 неделно во текот на целата година.

На учениците ќе им биде понуден разнолик избор на секции за оние кои рабоатт по стара наставна програма (јазична,географија,историја,хемија,физика,информатика,еколошка,математичка, ликовна, литературна,ритничка ,ликовна секција во мешан состав ,спортска и др.) Родителите ќе бидат поканети како помошници или носители на активностите во секциите.

Училиштето согласно новата Концепција за вонннаставни активности од БРО интересот на учениците ќе се увидува со анкета а сите ученици (и родителите) ќе добијат увид во секциите што се предвидени да се реализираат во училиштето. За таа цел, на огласната табла и на веб страната на училиштето во самиот почеток на учебната година ќе објави список на секциите што се предвидени со Годишната програма за работа на училиштето. Откако ќе се знае бројната состојба на заинтересираните ученици за конкретна секција, одговорните наставници, во соработка со учениците ќе ги договараат термините за одржување и ќе го подготват просторот во кој ќе се одвива активноста согласно распоредот на часови на учениците.

За учеството во активностите ќе се води евиденција во дневникот на паралелката за секој ученик и за крајот на учебната година ќе се издава додаток на свидетелство. Училиштето ќе планира и низа на еднократни работилници на разни теми (изработка на оригами,честитки,колачи,справување со булинг, безбедно на интернет ,подигање на свеста за користење на дрога и алхохол превенција од користење на пиротехнички средства идр) од страна на наставниците ,стручните соработници или гостин –стручно лице.

## 9.3 Акции

Училиштето согласно Концепцијата за вонннаставни активности за учебната 2022/23 год ќе планира низа на акции (еколошки,хуманитарни и др) базари и хепенинзи .Согласно програмата ќе се организираат низа на еколошки акции по повод Денот на пролетта, Денот на планетата земја и др. со цел развивање на еколошката свест кај учениците ,ќе се преземат и акции за покренување на свеста за потребата од чист и незагаден воздух.

Согласно програмата ќе се организираат низа на хуманитарни акции за собирање на храна и облека по повод Детската недела и Денот на гладта.Училиштето традиционално и оваа година ги планира

Новогодишниот и Велигденскиот базар кој е од продажен карактер ,но и можност за дружење и вклучување на родителите во животот на училиштето.За средствата добиени од базарите се известени Наставничкиот совет и Советот на родители и се користат правилно и наменски за разни потреби.

И во текот на оваа учебна година се планираат воннаставни активности кои ќе бидат во насока на промоција и зајакнување за демократската клима во училиштето и составен дел од Отворениот ден за граѓанско образование.

Преку ученички иницијативи учениците ќе детектираат и идентификуваат проблеми од нивната непосредна околина ( училиштето и местото на живеење) и следствено на тоа ќе иницираат акции за воведување промени во училиштето и околината. Ќе се преземат еколошки акции за уредување на училишниот двор и покренување на еколошката свест кај учениците но и околното население.

**План за организирање на базари,хепенинзи,хуманитарни настани ,еколошки акции и др.**

| **Планирани активности** | **Содржини** | **Време на реализација** | **Реализатори** | **Средства** | **Тим за следење на активностите** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Акции (еколошки,акции за чистење,за чист воздух , хуманитарни ,спортски и др.) | Организирање и реализација на хуманитарни акции по повод Денот на гладта - собирање на храна и облека за соц.загрозени семејства.<br>Организирање и реализација на еколошки акции за засадување на цвеќе,чистење на училиштето,чист воздух .<br>Организирање и реализација на спортски натпревари со хуманитарен и донаторски карактер, и др. | 1 октомври 2023<br><br>21 март 2024<br>22 април 2024<br><br>4 мај 2024 по повод Денот на училиштето. | Директор<br>Стручни соработници<br>Уче.парламент<br>Одговорни наставници<br>Родители<br>Ученици<br>Црвен Крст | Буџет на училиштето<br>Донации од родители<br>Бизнис заедница | Директор<br>Стручни сораборници<br>Одговорни наставници<br>Совет на родители |
| 2.Новогодишен базар | Организирање и реализација на Базар со продажен карактер со цел прибирање на средства или донирање на истите. | Декември 2023 | Директор<br>Стручни сорбаотници<br>Уче.парламент<br>Одговорни наставници<br>Родители<br>Ученици | Буџет на училиштето<br>Донации од родители<br>Бизнис заедница | Директор<br>Стручни сораборници<br>Одговорни наставници<br>Совет на родители |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.Велигденски базар | Организирање и реализација на Базар со продажен карактер со цел прибирање на средства и донирање на истите. | Април 2023 | Директор<br>Стручни соработници<br>Уче.парламент<br>Одговорни наставници<br>Родители<br>Ученици | Буџет на училиштето<br>Донации од родители<br>Бизнис заедница | Директор<br>Стручни соработници<br>Одговорни наставници<br>Совет на родители |

**10.Ученичко организирање и учество**

Ученичкото организирање служи за да се овозможи активно учество на учениците во застапувањето,промовирањето на нивните права и интереси преку демократско учество во донесувањето на одлуки во однос на прашања кои се од нивен непосреден интерес.Учениците преки нивните тела треба да учествуваат во донесувањето на одлуки ,согласно член 68 од ЗОО училиштето ќе овозможи организирање на сите ученици во Училишна заедница ,за кое учениците имаат свое право да се организираат во заедница на паралелки и Ученички парламент.

Заедницата на паралелка ја сочинуваат сите ученици кои на демократски начин избрале претседател кои ке ги преставува во Ученичкиот парламент.

Ученичкиот парламент го сочинуваат сите претседатели на паралелката. Претседателот на Ученичкиот парламент се бира на со мнозинство гласови од вкупниот број на преставници од претседателите по пат на тајно гласање.

Ученичкиот правобранител се грижи за заштитата и унапредување на правата на учениците во училиштето.Ученичкиот правобранител се бира со мнозинство гласови од учениците од VII-IX одд.по пат на тајно гласање,

Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител доставуваат План за работа за новата учебната година, а за финансирањето на активностите ке се обезбедат средства од Општината,донации од бизнис заедницата и др.

**1.Програма за работа на ученички парламент за учебна 2023/2024 година.**

Според членот 68 (став 3 и 4) од Законот за основно образование, за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент.

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.
**Координативното тело на ученичкиот парламент** е составено од координаторите на одделенија, двајца претставници – наставници именувани од директорот на училиштето од редот на тимот за поддршка на ученичко учество (без право на глас) и секретарот на ученичкиот парламент.

Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на годишен распуст.
Активностите во ученичките организации во училиштето се од посебно значење за правилниот воспитно – образовен развој на учениците.

**<u>Ученичкиот парламент:</u>**

- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците;
- го промовира ученичкиот активизам;
- учествува во активностите за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и вонннаставните активности;

- учествува во подготовката на годишната програма за работа;
- дава предлог-активности за годишните програми за екскурзии;
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето;
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард;
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето;
- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет;
- организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа;
- активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;
- го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, истражувања, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации;
- поднесува иницијативи и барања до училишните органи за подобрување на пристапот и квалитетот на образование во училишната установа;
- соработува со институциите и другите организации што работат со младите;
- промовира отчетност и транспарентност пред сите ученици преку информирање за своите активности.

Организационо, се работи според изработен годишен план, со одржување редовни состаноци, на одредени теми. Во темите се опфатени: успехот и поведението на учениците, културно - забавниот живот, социјалните прашања, дискусии за одредени теми, естетскиот изглед на училиштето и други прашања во училиштето.

Во реализација на годишната програма, активно се вклучени учениците,директорот на училиштето, родителите, наставниот кадар и педагошката служба на училиштето.

**Годишен план за работа на ученичкиот парламент (акциски план на активности)**

| **Реден број** | **Активности** | **Временски рок** | | | | | | | | | | **Носители на активноста** | **Материјални/човечки ресурсии извори** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | | |
| 1. | Конститутивна седница<br>- Избирање на комисија од три члена која го спроведува изборот на претседател, заменик претседател, секретар на ученичкиот парламент | | | | | | | | | | | Директор, тим за поддршка, стручна (педагошко-психолошка) служба, ученици од IV-IX одд. | Училница, хартија,гласачки ливчиња, пенкало и кутија (набавка од училиштето) |
| 2. | Избирање на претседател на ученичкиот парламент | | | | | | | | | | | Директор, тим за поддршка, стручна (педагошко-психолошка) служба, ученици од IV-IX одд. | Училница, хартија,гласачки ливчиња, пенкало, кутија (набавка од училиштето) |
| 3. | Избирање на заменик - претседател и секретар на ученичкиот | | | | | | | | | | | Директор, тим за поддршка, стручна (педагошко-психолошка) | Училница, хартија,гласачки ливчиња, пенкало и кутија (набавка од училиштето) |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | парламент | | | | | | | | | | | служба, ученици од IV-IX одд. | |
| 4. | Избирање на координатори на одделение | | | | | | | | | | | Директор, тим за поддршка, стручнапедагошко -психолошка служба, ученици од IV-IX одд. | |
| 5. | Избор на двајца претставници за учество во Училишниот одбор | | | | | | | | | | | Директор, тим за поддршка, стручна (педагошко-психолошка) служба, ученици од IV-IX одд. | |
| 6. | Донесување програма за работа на Ученичкиот парламент | | | | | | | | | | | Членови  на ученичкиот парламент од IV – IX одделение, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови) | Училница, компјутер,програма за работа на ученичкиот парламент, Водич за ученичко учество и организирање, интернет (набавено од училиште и од педадгошка служба) |
| 7. | Улога и распределба на работни задачи | | | | | | | | | | | Членови  на ученичкиот парламент од IV – IX одделение , координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови) | Училница,хартија, програма за работа на ученичкиот парламент, Водич за ученичко учество и организирање, интернет (набавено од училиште и педагошка служба) |
| 8. | Запознавање со куќниот ред на училиштето, кодекси на однесување и облекување | | | | | | | | | | | Членови  на ученичкиот парламент од IV – IX одделение, координативно тело на ученичкиот парламент( 9 членови), педагошко-психолошка служба | Училница,хартија, програма за работа на ученичкиот парламент, Водич за ученичко учество и организирање, куќен ред на училиштето,правилници, интернет, компјутер (набавка од училиште и од педагошка служба) |
| 9. | Назначување на членови како дел од комисијата за избор на ученички правобранител | | | | | | | | | | | Членови  на ученичкиот парламент од IV – IX одделение, педагошко - психолошка служба | Водич за ученичко учество и организирање |
| 10. | Работилница: Запознавање со Конвенцијата за правата на детето | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд., | Конвенција за правата на детето на детски јазик,компјутер, |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | координативно тело на ученичкиот парламент ( 9 членови), правобранител ( и заменик), педагошко-психолошка служба | проектор,Историјат на Конвенцијата , интернет (набавка од училиштето и педагошка служба) |
| 11. | Учество во хуманитарна акција<br>Ден на гладта | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд , координативно тело на ученичкиот парламент ( 9 членови), одделенски раководители и ученици од I – IX одд. | Простор за складирање на пакети за хуманитарната акција, хуманитарни пакети (набавка од родители, ученици и вработени во училиштето) |
| 12. | Следење и дискусии за успехот, поведението и редовноста на учениците | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд , координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба | Извештај за успехот на учениците во првото тримесечје од учебната 2023/2024 година. (од педагошката служба) |
| 13. | Ден на толеранција - дискусија и предавање на тема „Различности“ | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители на VIII одд. | Презентација, компјутер, видео, хартија, училница (набавка од училиштето) |
| 14. | Разгледување и дискусија за тековни проблеми со кои се соочуваат учениците | | | | | | | | | | | Директор, членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на | Училница, хартија, формулари. (училиште, педагошка служба) |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | ученичкиот парламент ( 9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители од I – IX одд. | |
| 15. | Евалуација за работата на ученичкиот парламент | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд , координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови) | ПРИЛОГ 14 - Форма на евалуационата листа за работата на ученичкиот парламент (од педагошката служба) |
| 16. | Вовед во тимската работа во паралелката и украсување на училиштето за Нова година | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд , координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители од I – IX одд. | Училнишни простории, украси, хартија, лепило. (од училиштето и од родителите) |
| 17. | Дискусија за полугодишниот успех на учениците | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба | Извештај за полугодишниот успехот на учениците во учебната 2023/2024година (од педагошката служба) |
| 18. | Почит меѓу половите и негување хумани односи меѓу учениците | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд , координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба | Прирачник за наставници, текстови со позитивни примери од општеството (од училиштето и од училишниот психолог) |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19. | Учество во слободна активност за уредување на животната средина | | | | | | | | | | Директор, членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители од I – IX одд. | Училишни простории, училишен двор (од училиштето или надворешни соработници) |
| 20. | Водење грижа за лична хигиена | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители на IV, VI,VII и IX одд. | Прирачник за наставници, компјутер, видео, презентација, училница (од училиштето) |
| 21. | Евалуација за работата на ученичкиот парламент | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови) | ПРИЛОГ 14 - Форма на евалуационата листа за работата на ученичкиот парламент |
| 22. | Учество при активности за одбележување на 8 Март | | | | | | | | | | Директор, членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители од I до IX одд. | Училишни простории, изработки, хратија,лепак, ножички, украсни ленти, материјали за изработка на украси (набавка од родители и ученици) |
| 23. | Учество во | | | | | | | | | | Директор,членови | Училишни |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | активности за Денот на екологијата и планетата Земја | | | | | | | | | | | на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители од I – IX одд. | простории, училишен двор, садници (набавка од училиштето, родители или од надворешни соработници) |
| 24. | Учество во активности за одбележување на Денот на шегата | | | | | | | | | | | Директор,членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд , координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители од I – IX одд. | Училишни простории, маски, украси (набавка од родители) |
| 25. | Учество во акција за чистење и уредување со зеленило и цвеќе | | | | | | | | | | | Директор,членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители од I – IX одд. | Училишни простории, училишен двор, садници, цвеќе (набавка од училиштето, родители или од надворешни соработници) |
| 26. | Активности по повод одбележување на Патрониот празник на училиштето | | | | | | | | | | | Директор,членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови),одделенски раководители од I – IX одделение, комисија за | Училница, хартија, украси, цд- плеер, материјали потребни за опремување на сцена, костими,лап топ, озвучување (училиште и родители) |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | културно – забавен живот | |
| 27. | Евалуација за работата на ученичкиот парламент | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови) | ПРИЛОГ 14 - Форма на евалуационата листа за работата на ученичкиот парламент (од педагошката служба) |
| 28. | Реализација за екскурзии, излети, посети на музеи, кино, театар, саеми, планетариум, градови | | | | | | | | | | | Директор, членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд , оддленски раководители и ученици од I – IX одделение | Програма за реализирање на екскурзии, излети и посети (родители) |
| 29. | Учество во одбележување на Денот на словенските просветители | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, одделенски раководители и ученици од I - IX одделение | Компјутер, интернет, кратка историја за делото и работата на словенските просветители (училиште) |
| 30. | Анализа на успехот и поведението, пофалби, и награди за учениците | | | | | | | | | | | Директор,членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент ( 9 членови),педагошко-психолошка служба | Извештај за успехот на учениците во учебната 2023/2024 година (педагошка служба) |
| 31. | Редовна комуникација и координација со стручната служба на училиштето | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент( 9 членови) | Училишни простории(училиште) |
| 32. | Учество на седниците на училишен одбор,совет на родители и наставнички совет | | | | | | | | | | | Претставници од ученичкиот парламент | Училишни простории(училиште) |

***Планираните активности од годишната програма на Ученичкиот парламент ќе се реализираат во форма на*** **:**

- состаноци, предавања, дискусии,презентации, разговори и други тековни активности.

***Забелешка:*** Содржините и активностите можат да се менуваат и да се дополнуваат во зависност од потребите на училиштето, потребите на учениците, како и сите фактори кои влијаат за нивна реализација.

**Тим за поддршка:**

Маја Грујоска – предметен наставник по македонски јазик,Маја Смилеска – предметен наставник по англиски јазик.

**11.Вонучилишни активности**

**11.1 Екскурзии,излети и настава во природа**

Училишните екскурзии им овозможуваат на учениците да ги прошират своите знаења, откривање и истражување на културно – историски локалитети, природни реткости и убавини на нашата татковина.

Целта на ученичките излети и екскурзии ќе биде поврзување на теоретски разработените наставни содржини со практиката:

-Учениците изворно да се здобијат со знаења, претстави и поими во природната средина, предзнаењата и знаењата да се дополнат, да се дооформуват, потврдат и систематизираат;

-Развивање на способности за набљудување и воочување на предметите ипојавите во животната средина, сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина;

-Воспоставување блиски и непосредни односи меѓу учениците,подобро и посестрано запознавање на нивните индивидуални карактеристики и карактеристиките на ученичкиот колектив;

-Развивање смисла за убавото, чување на природата, природните реткости идруги материјални и духовни богатства и формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

Училиштето формира Стручен Тим за изработка на програмата за екскурзии и излети за учебната 2023/2024 год.

Со Годишната програма за работа на училиштето е регулирана активноста организирање на екскурзии и излети со воспитно-образовен карактер, чија цел е кај учениците да се развива другарство, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата.

Во текот на учебната година за учениците од I до IX ќе бидат организирани излети ,еднодневна наставно-научна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна наставно-научна екскурзија со учениците од IX одделение.

**План на ученичките екскурзии /излети на ООУ„Гоце Делчев“ - Аеродром во учебната 2023/24 година .**

| Реализација | Одделение | Време на изведување | Број на ученици | Раководител на излетот/екскурзијата : |
|---|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет<br>Парк Гази Баба | I- IX | Септември /Октомври 2023 | 690 | Предметен наставник:<br>Александар Кузмановски |
| Еднодневен пролетен излет Сарај | I-IX | Април/Мај 2024 | 690 | Предметен наставник:<br>Драган Соколов |
| Еднодневна екскурзија -Крива Паланка | III | Април/Мај 2024 | 81 | Одделенски наставник:<br>Анита Ј.Јанеска |
| Настава во природа – Струга | V | Мај 2024 | 74 | Одделенски наставник:<br>Марина Васевска |
| Дводневна екскурзија Источна Македонија-Дојран | VI | Април/ Мај 2024 | 62 | Предметен наставник:<br>Сузана Божинова |
| Тридневна екскурзија Западна Македонија –Охрид | IX | Април/ Мај 2024 | 83 | Предметен наставник:<br>Ангелина Илиевска |

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на излетите и екскурзиите.

**<u>ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЕДНОДНЕВЕН ЕСЕНСКИ ИЗЛЕТза учениците од I–IX одделение во учебната 2023/24 година</u>**

**РЕГИОН: Скопски регион – Парк Гази баба**

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА:септември /октомври 2023 год.**

**ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ :**

- Дружење,социјализација,осамостојување и грижа за себе;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Развивање на интерес за спортски активности,рекреакција и создадање навика за здраво општествено живеење;
- Да ги проширува знаењата за природните убавини во Скопски регион
-

**СОДРЖИНИ И ОПИС АКТИВНОСТИ:**

- Набљудување на околината на излетничкото место
- Прошетки
- Одење и трчање по рамен и нерамен терен
- Слободни игри и рекреативни активности

- Одмор, релаксација, дружење
-

**СТРУЧЕН ТИМ ЗА ПОДГОТОВКА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ:**

**Претседател**: Александар Кузмановски

**Членови**: Маја Велиќ, Тања Стојковска, Лилјана Анчевска.

**Заменици членови:** Сашка Миланова, Елена Спасовска, Сузана Павловска.

Еднодневните излети ќе се реализираат со сите наставници и ученици од I доIX одделение.

**Времетраење на излетот:**Во текот на еден работен ден

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА:** По реализирањето на излетот тимот дава извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на фб и веб страната на училиштето, во извештајот седава оценка за реализацијата и квалитетот на услугите. Извештајот го разгледуваат Наставничкиот совет, Советот на родители , а го усвојува Училишниот одбор.

Доколку се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договореите обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести Општината.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ: Посета на место од Скопски регион –ПаркГази Баба**(местото е одбрано поради тоа што има поголема ширина за изведување на спортски активности и безбедно е за децата)

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**Излетот го организира ООУ„Гоце Делчев“ -Аеродром со барање и прибирање понуди за организирање на екскурзии, излети и други вонучилишни активности со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника. Постапката ја спроведува Комисија составена од пет члена, формирана со одлука на Училишниот Одбор. Комисијата ги разгледува понудите ,прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзија според член 19 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности. Училишниот одбор во рок од пет работни дена донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

Превозот ќе биде со градски или меѓу градски климатизирани безбедни и квалитетни автобуси, со придружба на лекар.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

- Излетот го финансираат родителите на учениците со плаќање уплатница на жиро сметка на агенцијата .

**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:Директор:** Даница Соколова,одделенски и класни раководители.

**СТРУЧЕН ТИМ ЗА ПОДГОТОВКА НА ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ:**

**ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЕДНОДНЕВЕН ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТза учениците од I–IX одделениево учебната 2023/24 година**

**РЕГИОН: Скопски регион – Сарај**

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА:Април/Мај 2024 год.**

**ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ :**

- Дружење,социјализација,осамостојување и грижа за себе;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Развивање на интерес за спортски активности,рекреакција и создадање навика за здраво општествено живеење;
- Да ги проширува знаењата за природните убавини во Скопски регион, за место Сарај

**СОДРЖИНИ И ОПИС АКТИВНОСТИ:**

- Набљудување на околината на излетничкото место
- Прошетки
- Одење и трчање по рамен и нерамен терен
- Слободни игри и рекреативни активности
- Одмор, релаксација, дружење

**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:Директор:** Даница Соколова,одделенски и класни раководители,

**СТРУЧЕН ТИМ ЗА ПОДГОТОВКА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ:**

**Претседател**: Драган Соколов

**Членови**: Маја Велиќ, Тања Стојковска, Лилјана Анчевска.

**Заменици членови:** Сашка Миланова, Елена Спасовска, Сузана Павловска.

**Времетраење на излетот:**Во текот на еден работен ден

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА:**

По реализирањето на излетот тимот дава извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на фб и веб страната на училиштето, во извештајот седава оценка за реализацијата и квалитетот на услугите. Извештајот го разгледуваат Наставничкиот совет, Советот на родители , а го усвојува Училишниот одбор.

Доколку се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договореите обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести Општината.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ: Посета на место од Скопски регион –Сарај** (местото е одбрано поради тоа што има поголема ширина за изведување на спортски активности и безбедно е за децата)

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**Излетот го организира ООУ„Гоце Делчев“ Аеродром со барање и прибирање понуди за организирање на екскурзии, излети и други вонучилишни активности со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника. Постапката ја спроведува Комисија составена од пет члена, формирана со одлука на Училишниот Одбор. Комисијата ги разгледува понудите , прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзија според член 19 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности. Училишниот одбор во рок од пет работни дена донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

Превозот ќе биде со градски или меѓу градски климатизирани безбедни и квалитетни автобуси, со придружба на лекар.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

- Излетот го финансираат родителите на учениците со плаќање уплатница на жиро сметка на агенцијата .

**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:Директор:** Даница Соколова,одделенски и класни раководители.

**ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ОБРАЗОВНА ЕКСКУРЗИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД (III) ТРЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОД.**

Основното училиште „Гоце Делчев” од Г. Лисиче Скопје со учениците од III одделение во учебната 2023/2024год. планира да изведе еднодневна екскурзија во Крива Паланка – посета на Манастирот св.„Јоаким Осоговски“, планински туристички центар „Калин камен“, Кривопаланечката тврдина, Спомен Костурница и Кратово – с.Коњух во месец **април/мај 2024 година.**

- *Цел*
- *Задачи*
- *Содржини и активности*
- *Раководител,наставници,ученици*
- *Времетраење*
- *Локации за посета и правците на патување*
- *Техничка организација*
- *Начин на финансирање*

**Време на реализација** - април/мај 2024 година

**ЦЕЛИ НА НАУЧНО - ОБРАЗОВНАТА ЕКСКУРЗИЈА:**

- Екскурзијата со својата организација треба да обезбеди услови за здрав живот со сестрана активност на учениците во нова животна средина.
- Да развива способност да набљудува, перцепира и воочува меѓусебни врски во природата и општествената средина.
- Да воспоставува блиски непосредни односи меѓу наставник – ученик.
- Да умее организирано го користи слободното време.
- Да умее изворно да се здобива со знаења, претстави и поими во природната средина.
- Предзнаењата и знаењата ги дополнува, дооформува, потврдува, повторува и систематизира.
- Да развива интерес за природата и гради еколошки навики.

**ЗАДАЧИ НА НАУЧНО - ОБРАЗОВНАТА ЕКСКУРЗИЈА:**

-се запознава со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви

-се социјализира и стекнува искуство да се осамостојува и грижи сам за себе

-развива позитивен однос кон: националностите, културните и естетските вредности

-развивање интерес за природата и градење еколошки навики

**СОДРЖИНИ:**

Проширување на знаења од природните и општествените науки за:

- Природни убавини на Источна Македонија
- Релјеф и клима на Источна Македонија
- Историски локалитети и споменици од подалечното минато во регионот
- Стари градби и архитектурата во Источна Македонија
- Животот и работата на луѓето во Источна Македонија

**АКТИВНОСТИ:**Набљудувања и посети

**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:Директор:** Даница Соколова,одделенски наставници актив третоодделение.

**СТРУЧЕН ТИМ ЗА ПОДГОТОВКА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА :**

1. **Претседател:**Анита Ј.Јанеска-одделенски наставник
2. Маја Аврамовска Севриева - одделенски наставник

3. Тања Стојкоска - одделенски наставник
4. Елена Спасовска - одделенски наставник
5. Лилјана Анчевска -одделенскинаставник
6. Мара Кристо - одделенски наставник

Учесници се учениците од III -1, 2 , 3 и 4 одд.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАУЧНАТА ЕКСКУРЗИЈА:**Еднодневна екскурзија

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА**

*Тргнување од Скопје и попатно разгледување на Скопската Котлина

*Крива Паланка – Манастирот св.„Јоаким Осоговски“, планински туристички центар „Калин камен“, Кривопаланечката тврдина, Спомен Костурница

*Разгледување на Кратово – Големо градиште с.Коњух

*Тргнување кон Скопје преку Пробиштип - Свети Николе и воочување на релјефот.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

Училиштето ,,Гоце Делчев ,,Г.Лисиче –Скопје спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзијата, со објавување на јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ја спроведува Комисија составена од пет членови и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Превозот ќе биде со меѓу градски климатизирани безбедни и квалитетни автобуси, со придружба на водич и лекар.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците**.**

***ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА ВО ПРИРОДАЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД V (ПЕТТО) ОДДЕЛЕНИЕ***

*ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА:*Основното училиште „Гоце Делчев” од Г. Лисиче Скопје со учениците од V (петто) одделение во учебната 2023/2024 год. планира да изведе Настава во природа во Струга (во детско одморалиште или хотел по избор на родителите)во месец **мај 2024 година.**

*1.Воспитно – образовни цели*

*2.Задачи*

*3. Содржини и активности*

*4. Раководител,наставници ,ученици*

*5.Времетраење*

*6.Следење на реалицација*

*6.Локации за посета и правци на патување*

*7.Техничка организација*

*8.Начин на финансирање*

**1.Воспитно -образовни цели :**

- Воспоставување, развивање и негување на пријателство
- Почитување на природата и нејзиното наследство

- Совладување, проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина;
- Запознавање со природното,културното и историското наследство;
- Развивање љубов и почит кон татковината,нејзините убавинии историското минато;
- Почитување на традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници во родниот крај;
- Поттикнување развојот на самостојноста кај учениците;
- Развивање на љубопитноста;
- Применување на стекнатите знаења во училница во конкретни ситуации на терен;
- Разбирање на настаните и појавите (животот покрај река, езеро во ридски предели);
- Развивање на самостојноста и одговорноста кај учениците;
- Поттикнување на позитивни чувства (успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување на знаења, трајност на стекнатите знаења);
- Едукација, другарување, рекреација, прошетки;
- Почитување на културните традиции
- Почитување на знаења и искуства на возрасните

• Развивање на естетски вредности,чување на природата, еколошка свест за флората и фауната и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

**2. Содржина и опис на активности**

| Р.бр. | Наставен предмет | Наставна тема | Наставна содржина | Активности |
|---|---|---|---|---|
| 1. | македонски јазик | Читање литература и лектира | -Изразно и драмско читање | -вежби за гласно јасно и изразно читање на напишани писмени состави |
| 2. | македонски јазик | Јазик | -Народен и нормиран јазик<br>-Устен и писмен говор<br>-Правоговор | -следење на зборувањето на охридскиот, струшкиот, прилепскиот, крушевскиот и вевчанскиот дијалект, укажување на важноста на правоговорот |
| 3. | македонски јазик | Изразување и творење | -Раскажување на доживеан наставн<br>-Опишување<br>-Известување за настани и доживувања | -пишување извештаи и писмени состави за спроведени посети и набљудувања |
| 4. | македонски јазик | Медиумска култура | -ТВ емисии | -следење на ТВ емисии во слободно време и дискусии за содржината |
| 5. | математика | Собирање на податоци | -Прибирање, средување, читање и претставување на податоци | -обработка на податоци од спроведена анкета за проблемите во општината Струга |
| 6. | математика | Собирање на податоци | Цртање на линиски графикон | Следи и црта едноставни линиски дијаграми |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | математика | Мерки за должина и време | Решавање на проблемски текстуални задачи со примена на мерки за должина и време | Користи листи и табели за систематско решавање на проблемски ситуации |
| 8. | историја и општество | Географска карта | Активности на географска карта | Изработка на туристичка карта |
| 9. | историја и општество | Живеалишта и населби | -Населбите и институциите во нив | -спроведување анкета за институциите во градот Струга |
| 10. | историја и општество | Мојата држава | Културно историско наследство | ги познава најзначајните остатоци од материјалното и културното наследство на тлото на Р. Македонија. Изработка на книга за културно наследство |
| 11. | музичко образование | Пеење | -Пеење по слух различни песни | -пеење песнички по избор на учениците во вечерните забавни часови како и за време на патувањето во автобус |
| 12. | музичко образование | Слушање музика | -Слушање на вокални, инструментални и вокално – инструментални дела | -слушање музика по избор на учениците во вечерните забавни часови како и за време на патувањето во автобус |
| 13. | музичко образование | Народно музичко творештво | -Народно творештво | -собирање информации, воочување и набљудување на традицијата во градот Охрид, Струга, Крушево и Прилеп |
| 14. | ликовно образование | Изработка на ликовни творби од природни материјали | -Цртање | -цртање на посетени места и објекти |
| 15. | ликовно образование | Дизајн и визуелни комуникации | -Дизајн | -дизајнирање накит од природни материјали |
| 16. | физичко и здравствено образование | Вежби и игри за правилен физички развој и подготовка | -Елементарни, штафетни и игри без граници | -учество во спортски активности со рекреативен – натпреварувачки карактер<br>-утринско вежбање |
| 17. | физичко и здравствено образование | Атлетика | -Трчање, скокање, фрлање и одење | -пешачење и учество во активности со рекреативен – натпреварувачки карактер |
| 18. | физичко и здравствено образование | Гимнастика и ритмика | -Ритмичко трчање и Одење | -учество во танцувачки активности со рекреативен – натпреварувачки карактер |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19. | физичко и здравствено образование | Одбојка | -Одбојка | -учество во спортски активности со рекреативен – натпреварувачки карактер |
| 20. | физичко и здравствено образование | Кошарка | -Кошарка | -учество во спортски активности со рекреативен – натпреварувачки карактер |
| 21. | физичко и здравствено образование | Фудбал | -Фудбал | -учество во спортски активности со рекреативен – натпреварувачки карактер |

**Напомена:** Часовите по природни науки, техничко образование и англиски јазик ќе се реализираат по враќање на учениците од настава во природа во договор со предметните наставници и иститие ќе бидат вметнати во извештајот од изведената настава во природа.

**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:Директор:** Даница Соколова,одделенски наставници од актив петто оддление.

**3.СТРУЧЕН ТИМ ЗА ПОДГОТОВКА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА :**

- **Раководител :** Одделенски наставник :Марина Васевска
- Одделенски наставник: Јасмина Апостолова
- Одделенски наставник: Марјана Мушевска
- Одделенски наставник: Љуљзиме Љамалари

**Учесници се учениците од V -1, V- 2 ,V-3,V-4 одд.**

**4. Времетраењена екскурзијата :**Пет дена (четири ноќевања) мај 2024 година

**5.СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА:**

По реализирањето на настава во природа тимот дава извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на фб и веб страната на училиштето, во извештајот седава оценка за реализацијата и квалитетот на услугите. Извештајот го разгледуваат Наставничкиот совет, Советот на родители , а го усвојува Училишниот одбор.

Доколку се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договореите обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

**6.Локациите за посета и правците на патување:**

**Место на поаѓање:** пред училиште

**Време на поаѓање**: 8:00 часот, Учениците пред училиште да бидат во 7:30 часот.

**Прв ден** : Прилеп Горен град и Маркови кули .Пристигнување во Крушево и посета на споменобележјетоМакедониум и Спомен куќата на Тодор Проески.Пристигнување во Струга/ и сместување каде ќе престојуваме во наредните денови.

**Втор ден**:Посета на градот Струга,Посета на Природно - научен музеј во Струга

**Трет ден:**Посета на Вевчани и Вевчанските извори

**Четврти ден:**Лихнидос,Стариот град,Антички театар,Самуиловата тврдина, Плаошник црквата ,,Св.Софија“ посета на црквата ,,Св.Јован Богослов“ -Канео, манастирот ,,Св.Наум Охридски“

**Петти ден**:Тргнување после ручек**.** Посета на Дебар- ХЕЦ Шпиље, Бања Косоврасти. Посета на манастирите ,,Св Георгиј Победоносец”- Рајчица и ,, Св Јован Бигорски”. Пристигнување во Скопје во попладневните часови.

***7.* Техничка организација :**Училиштето ,,Гоце Делчев “ Г.Лисиче –Скопје спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на настава во природа, со објавување на јавен оглас во најмалку два весника.Постапката ја спроведува Комисија составена од пет членови и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Превозот ќе биде со меѓу градски климатизирани безбедни и квалитетни автобуси, со придружба на водич и лекар.

**8. Начин на финансирање :**Екурзијата ја финансираат родителите на учениците со плаќање на уплатница на жиро сметка на агенцијата.

**<u>ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА (VI) ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕво учебната 2023/2024 год.</u>**

*ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА*

**Време на реализација:април/мај 2024 год.**

ООУ,,Гоце Делчев”- Општина Аеродром-Скопје, со учениците од VI (шесто) одделение во учебната 2023/2024 год. планира да изведе дводневна екскурзија во месец **април/мај 2024 год.** со маршрута: Скопје - Велес – Дојран – Струмица .

*-Воспитно – образовни цели*

*-Раководител,наставници ,ученици*

*-Времетраење*

*-следење и реализација*

*-Локации за посета и правци на патување*

*-Техничка организација*

*-Начин на финансирање*

**ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА**

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**: два дена во **април/мај 2024 г.**

**НАСТАВНИ ТЕМИ**: Историското минато на Македонија ,нејзините природните убавини и одлики.

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ И НА ЕКСКУРЗИЈАТА**:

- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со споменици кои сведочат за историското минато на својата земја;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природни убавини(одлики) на нашата држава;
- Учениците да развиваат позитивен однос кон националните, културните , индустриските и естетските вредности кои не опкружуваат;
- Учениците да го развиваат другарството и меѓусебната социјализација во средината во која живееме.

**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:Директор:** Даница Соколова,Наставниците од VI одделение.

**Учесници се учениците од VI -1, VI- 2 ,VI-3одд.**

**СТРУЧЕН ТИМ ЗА ПОДГОТОВКА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА :**

1.Сузана Божинова –**раководител/одделенски раководител**

2.Маја Смилеска - одделенски раководител

3.Јасмина Ѓорѓевска –одделенски раководител

**Времетраење на екскурзијата :** Дводневна ескурзија

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА:** По реализирањето на еекскурзијата тимот дава извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на фб и веб страната на училиштето, во извештајот седава оценка за реализацијата и квалитетот на услугите. Извештајот го разгледуваат Наставничкиот совет, Советот на родители , а го усвојува Училишниот одбор.

Доколку се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договореите обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

**Локации за посета и правци на патување:**

**Место на поаѓање**: пред училиште

**Време на поаѓање** 7:30 часот. Учениците да бидат на местото на поаѓање во 7:15 часот.

**Маршрута на патувањето:**

Скопје - Велес – Струмица – Дојран - Скопје

**ПРВ ДЕН**

Посета на Велешко Езеро,Пристигање во Дојран и прошетка низ градот. Сместување во Струмица и прошетка низ градот .

**ВТОР ДЕН**

Посета на Колешински водопади, Манастир „ Пресвета Богородица -Елеуса“ во Вељусаи Манастир - Св.Леонтиј, Водоча.

Посета на Стоби,пристигнувањевоСкопјево попладневните часови,пред училиштето.

**Техничка организација :** Училиштето ,,Гоце Делчев“ од Општина Аеродром – Скопје спроведува постапка со барање за прибирање понуди за организирање на дводневна ескурзија, со објавување јавен оглас во најмалку два весника.Постапката ја спроведува Комисија составена од петмина членови и тоа тројца од редовите на Советот на родители и двајца членови од редот на наставниците.

Превозот ќе биде со меѓу градски климатизирани безбедни и квалитетни автобуси, со придружба на водич и лекар.

**Начин на финансирање :**Ексурзијата ја финансираат родителите на учениците со плаќање на уплатница на жиро- сметка на агенцијата .

***<u>ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА</u>***

***<u>ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX (ДЕВЕТО) ОДДЕЛЕНИЕ</u>***

*ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА*

**Време на реализација: април/мај 2024 год.**

ООУ „Гоце Делчев“ од Г. Лисиче, Скопје со учениците од IX одделение во учебната 2023/2024 год. планира да изведе тридневна екскурзија во Охрид во месец **април/мај , 2024 год.**

*1.Воспитно – образовни цели*
*2. Содржини и активности*
*3. Раководител, наставници, ученици*
*4.Времетраење*
*5.Следење на реализација*
*6. Локации за посета и правци на патување*
*7.Техничка организација*
*8. Начин на финансирање*

***Воспитно-образовни цели***

***Воспитни цели :***

- Почитување на културните традиции;
- Почитување на знаења и искуства на возрасните;
- Воспоставување, развивање и негување на пријателство;
- Почитување на природата и нејзиното наследство,

***Образовни цели:***

- Да се запознаат со природното, културното и историското наследство;
- Да развијат патриотски чувства и чувства на припадност кон својата земја;
- Да се поттикне развојот на самостојноста кај учениците;
- Да ги почитуваат традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници во родниот крај;
- Да се развива љубопитноста (да се поставуваат прашања и да се одговара на нив );
- Стекнатите знаења во училница да се применат во конкретни ситуации на терен ( трансфер);
- Да се разберат настаните и појавите ( животот покрај река, езеро, во ридски предели );
- Да се развиваат мисловни способности на учениците;
- Поттикнување на позитивни чувства (успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување знаења,трајност на стекнатите знаења);

***Задачи:***

Тридневната екскурзија треба да обезбеди:

- Да сеизучат и истражат објектите и појавите во природата како и односите во општествениот живот;
- Да се развива интерес за природата и градење на еколошки навики;
- Да се изгради чувство на патриотизам,толеранција и соживот;
- Да се развива позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;
- Да се поттикнат и манифестираат позитивни емоции;
- Да се развива социјализацијата, колективната заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе,
- Да се развива интерес за спортски активности, рекреација исоздавање навики за здраво живеење.

***Содржини и активности :***

- Утврдување, проширување, систематизирање и практично применување на сознанијата за убавините на нашата татковина;
- Спомениците сведочат за историјата и за минатото;
- Убавините на родниот крај;

- Културните традиции на Северна Република Македонија.

**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:Директор:** Даница Соколова,одделенски раководители, и учениците од IX1,2,3 одделение.

1.Ангелина Илиевска –**раководителнаекскурзијата**/ одделенски раководител на паралелката IX-1

2.Лидија Манаскова– одделенски раководител на паралелкатаIX-2

3. НерминАдем - одделенски раководител на паралелката IX -3

**Времетраење на екскурзијата:** три дена

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА:**

По реализирањето на екскурзијата тимот дава извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на фб и веб страната на училиштето, во извештајот седава оценка за реализацијата и квалитетот на услугите. Извештајот го разгледуваат Наставничкиот совет, Советот на родители , а го усвојува Училишниот одбор.

Доколку се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договореите обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

**Локации за посета и правци на патување:**Охрид

**Место на поаѓање**: пред училиште

**Време на поаѓање:** 7: 30 часот.

Учениците да бидат на местото поаѓање во 7:15 часот.

**Рута на патувањето**:

Скопје – Тетово – Гостивар – Дебар – Вевчани – Струга - Охрид - Битола - Скопје

**Посети:**

**<u>Прв ден</u>**

**Тетово**- Шарена џамија,

**Гостивар** – Вруток-изворот на реката Вардар,

**Маврово** – Национален парк Маврово,

**Дебар** – Бања Косоврасти, Кањонот на Радика, манастирите: ,,Св. Јован Бигорски“, „Св.Јован Крстител“, и „Св.Георгиј Победоносец“- Рајчица.

**Вевчани** - Вевчански Извори,

**Струга**

Пристигнување во градот Охрид и сместување.

**<u>Втор ден</u>**

Манастир „Св. Наум Охридски“,

Посета на Охрид

**<u>Трет ден:</u>**

**Охрид -** Антички театар, Плаошник и Самоиловата тврдина, црква „Св.Јован Богослов“ - Канео, црквата „Св.Софија“ - Охрид, **Битола –** Национален парк „Пелистер“.

Пристигнување во Скопје околу 19 часот.

**Техничка организација :**ООУ „Гоце Делчев“ О Аеродром – Скопје, спроведува постапка со барање за прибирање понуди за организирање тридневна ескурзија, со објавување јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ја спроведува Комисија составена од пет членови и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Превозот ќе биде со меѓу градски климатизирани безбедни и квалитетни автобуси, со придружба на водич и лекар.

**Начин на финансирање :**Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците со плаќање на уплатница на жиро-сметка на агенцијата.

**II.ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕКСКУРЗИИТЕ,ИЗЛЕТИТЕ И ДР.ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ:**

Стручниот тим ќе поднесе Извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.Извештајот ќе биде составен дел од Годишниот извештај за работата на училиштето ,и одд.раководители ќе ги запознаат родителите со Извештајот на родителските состаноци.

**11.2 Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишните активности**

Во вонучилишните активности ќе бидат вклучени сите ученици распределени во 30 паралелки**.** Учениците ќе бидат дел од низа на манифестации, посета на кино и театар, Детски фестивали, Кино, Театар , Саем на книга, Планетариум , посета на Парламент на РСМ, Влада на РСМ, Општина Аеродром, производствени капацитети, Месна заедница на Горно Лисиче и др.согласно потребата на наставната програма.

**12.Натпревари за учениците**

Натпреварите се организираат за ученици кои покажуваат особен успех по одделени наставни предмети ,со цел да се вреднуваат и да се рангираат знаењето,умеењето, вештините ,способноста на учениците по одделни наставни предмети (математика, ликовно, македонски, физика, хемија, биологија, природни науки, англиски , француски јазик и др.)

Содржината на натпреварите е соодветна на возраста на учениците и се темели на наставниот план и наставните програми за основното образование.

Натпреварите се организираат на: училишно, општинско, регионално , државно и меѓународно ниво преку акредитирани здруженија на наставници .

Училиштето ќе организира училишни натпревари по математика,англиски ,македонски,природни науки,физика,хемија,биологија,информатика и др.каде учениците понатаму ќе се пласираат на општинско, регионално , државно и меѓународно ниво согласно програмата за одржување на натпревари од страна на акредитирани здруженија на наставници.

Нашето училиште ќе организира литературни,ликовни ,спортски натпревари по повод одбележување на Денот на училиштето во месец Мај како и натпревари по повод Роденденот на Општина Аеродром. Учениците од 8,9 одд.ќе земат учество и во Квизотеката организирана од Детски пионерски дом –Карпош.Како и натпреварот “Квиско” кој е квиз за деца на возраст од 4, 5 и 6 одделение. Кој е пред сè забава, дружење, а потоа натпревар на концентрација, меморија, логично поврзување, асоцијација и тимска работа.Улогата на наставниците ќе биде мотивирачка, во смисла на зголемен интерес за учество на натпревари од различни области.

**13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција**

Директорот на училиштето формира Тим за училишна интеграција во следниот состав: Директор даница Соколова , наставник Мара Кристо, Силвана Матиловска педагог, наставник Сузана Павловска,претседател на Ученичкиот парламент –ученик .
При формирањето на Тимот се водеше сметка и за застапеноста на наставниците од сите јазици на кој се реализира наставата.

Тимот ќе планира и организира активности кои придонесуваат за почитување на мултикултурализмот и унапредување на меѓуетничката интеграција во училиштето и тоа преку активности во редовните часови, вонинаставните и учество во проекти.

Во тој контекс наставниците ,учениците и родителите придонесуваат заеднички за развојот на мултикултурно општество, давајки свој продонес и учество.

Од учебната 2020/21 год.со одлука на Советот на Општина Аеродром и градоначалникот на Општина Аеродром се формира Комисија за унапредување на меѓуетничката интеграција во основните училишта на Општина Аеродром . Училиштето аплицира на проекти за унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција.

**-Проект „Градиме нови мостови“**Проектот „Градење нови мостови“ (ГНМ) се надоврзува на Фондот за градење мостови (ГМ) кој воведе модел за интегрирано образование во Северна Македонија за поддршка на училиштата, општините и граѓанските организации (ГО-и) за обединување на децата од различно потекло и јазици преку заеднички вонинаставни активности.

Овој нов проект понатаму има за цел градење инклузивни општества кои го негуваат и се гордеат со културниот плурализам и ја почитуваат толеранцијата, дијалогот и соработката, во клима на меѓусебна доверба и разбирање како најдобри гаранции на социјалниот мир и безбедноста.

**14.Проекти што се реализираат во основното училиште**

**-Активности за потикнување на Меѓуетничка интеграција во образовниот систем“**
Училиштето повторно ќе аплицира за грантот на јавниот повик од МОН. Главна цел на проектот е да се подобрат меѓуетничките односи, да се поттикне користење на наставните и вон-наставните активности за промовирање на мултикултурализмот, да развие почит и толеранција кон различните од себе и сл.
И оваа учебна година акцент ќе се стави на интеграција на мултикултурализмот вонаставните и вонинаставните акивности.
И повторно аплицирање за добивање на грантови за спроведување на активности за подобрување на истата.Како и презвемање на активносто согласно Општинската Стратегијата за мег.интегразија во образованието,и учество во др.проекти на USAID.

**-Проект „Градиме нови мостови“**Проектот „Градење нови мостови“ (ГНМ) се надоврзува на Фондот за градење мостови (ГМ) кој воведе модел за интегрирано образование во Северна Македонија за поддршка на училиштата, општините и граѓанските организации (ГО-и) за обединување на децата од различно потекло и јазици преку заеднички вонинаставни активности.

Овој нов проект понатаму има за цел градење инклузивни општества кои го негуваат и се гордеат со културниот плурализам и ја почитуваат толеранцијата, дијалогот и соработката, во клима на меѓусебна доверба и разбирање како најдобри гаранции на социјалниот мир и безбедноста.

**Преку реализацијата на активностите од проектот** ќе се постигне :

1. Зајакнување на меѓуетничките односи помеѓу децата и младите од различни јазици и културно потекло преку заеднички наставни и вонинаставни активности;
2. Поттикнување активности што даваат простор за меѓуетнички ангажман во согласност со училишните програми и министерските упатства;
3. Поддржување одржливи иницијативни кои лесно би можеле лесно да се повторат во иднина;
4. Всадување меѓусебна почит и надминување на етничките стереотипи и предрасуди;
5. Развивање чувство на заедница и припадност преку универзални вредности.

Одговоени за реализација на проектот се Тимот за училишна интеграција во следниот состав: Директор Даница Соколова , наставник Мара Кристо, Силвана Матиловска педагог, наставник Сузана Павловска,претседател на Ученичкиот парламент –ученик .

Училиштето ,доделените средства ќе ги намени за набавка на спортски реквизити,уредување на просторот ,нагледни средства,интерактивна табла ,и др.потребни работи со цел подобрување на условите за престој и работа на учениците во нашето училиште.Активностите ќе бидат реализирани со ученици од одделенска во мешан етнички состав и вклученост на наставници од одделенска настава,ФЗО кои предваат на македонски и албански наставен јазик.**Кординатор на проектот: Сузан Павловска-одделенски наставник.**

**-Проект „Фудбал во училиште“**

Проектот кој има за цел развивање на спортскиот и натпреварувачки дух кај учениците ќе продолжи да се реализира и учебната 2023/24 год.Преку низата натпревари во футсал, фудбал, одбојка и др.подржани од Федерација на училишен спорт на Македонија, Училишен спорт на град Скопје. Одговорни наставници за проектот се : Драган Соколов ,Александар Кузмановски,Мартина Боглева.Проектот ќе се реализира и во учебната 2023/24 год.

**-Проект „Е-Твининг“ –** Наставниците и оваа учебна година ќе аплицират на ова платформа бидејќи е добра прилика за размена на искуство за наставниците и учениците , децата се запознаа со своите врсници од другите земји,и имаа одлична можност да го користат англискиот јазик.

**-Проект ,,GO GIRL“**

Проектот ,,Go Girl” кој е дел од проектните активности на организацијата за млади Џуниор Ачивмент опфаќа вкупно 15 модули кои се наменети за ученици над 12 години,продолжува и во новата 23/24 год.

Во модулите се обработуваат 15 актуелни теми за ученици од 6 до 9 одделение како што се:

-безбедност на интернет и контрола на податоци

-циркуларна економија или индустрија и производство без создавање на отпад

-намалување на храната како отпад

-улогата на циркуларната економија во климатските промени

-план и мерки за намалување на отпад

-начини на рециклирање на материјали од различен вид

-видови на метали кои може да се рециклираат

-намалување на употреба на пластика и нејзина замена со биоразградливи материјали

-примена на биоразградливи материјали

-мерки кои ги намалуваат ефектите на климатските промени

-одржливи градови со намалена потрошувачка на енергија

Активностите продолжуваат и следната година.

**-Проект „ВЕЛО УЧИЛИШТЕ“**

Нашето училиште веќе 3 год. ја реализира и програмата „Вело училишта“Таа има за цел да го промовира велосипедизмот како здрав, безбеден и алтернативен начин на превоз на учениците.Се организираат активности на неделно ниво- како што се: историја на велосипедот, делови на ова омилено детско превозно средство, потребна заштитна опрема и соодветна облека,проверка на исправноста на велосипедот, рачни сигнали итн.

Сите активности се реализираат преку интересни едукативни методи- презентации, боенки, игри на меморија , квизови, практични вежби итн. Оваа програма претставува едно освежување во воспитно-образовниот процес и се надеваме дека истата ќе ја подигне свеста на учениците, родителите, наставниците и целокупната заедница за придобивките од користењето на велосипедот како алтернативно превозно средство.**Кординатор на проектот:Ана Веновска**

**-Проект „Часови во природа за здрави навики“**

Проектот „**Часови во природа за здрави навики“**се состои во држење на редовна настава во природа(отворен час) Се работи за пилот проект преку кој наставниците од 5 одд.ќе оддржуваат редовни часови во околината на Скопје.( Скопска Црна Гора,Водно)
Часовиет на отворено се составени генерално од редовна наставна програма предвидена со распоред за тој ден и еден дополнителен час кој ќе опфаќа запознавање на учениците со следниве активности:прва помош и заштита во природа,био курсеви,берење шумски плодови,планинарење,планински велосипедизам,и др.активности на отворено.
Проектот ќе се реализира со поддршка на Општината Аеродром и неколку компании од приватниот сектор,во соработка со Планинарска федерација на РСМ -HIKING .
Одговорни за реализацијата на проектот се Директор,наставници од актив 5 одд.

**Интерни проекти во училиштето** спроведувани од страна на наставниците во соработка со родителите.

Преку низата на интерни проекти иницирани од страна на одделенските наставници во училиштето целта е збогатување на креативноста на учениците за употреба на природни материјали,развивање на еколошката свест,емпатијата,подобрување на семејните односи и вклучување на родителите во воспитно образовниот живот .

**15.Поддршка на учениците**

**15.1 Постигнување на учениците**

Училиштето е место каде што учениците се стекнуваат со воспитание и образование и како образовна институција треба да им пружи поддршка во нивниот развој и во стекнувањето на знаења. Учениците во текот на своето образование наидуваат на потешкотии од различен вид, кои можат да бидат предизвикани од нивната емоционална, социјална, културна и ментална состојба. Стручните соработници заедно со наставниците и родителите тимски работат и ги идентификуваат потешкотиите со кои се соочуваат учениците, од нивното започнување со образованието па се до завршувањето.

Во нашето училиште ученикот е главен субјект при реализација на воспитно образовниот процес. Во таа насока училиштето ги превзема сите потребни активности за да им овозможи на сите ученици подобри услови и можности за постигнување на подобри образовни резултати. Во таа насока училиштето работи и на идентификација и утврдување на потребите на надарените ученици, како и на учениците со посебни потреби.

Училиштето води целосна и уредна евиденција за постигнувањата на учениците со податоци за напредокот на истите, добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците по наставни предмети. Нашето училиште јавно ги пофалува и соодветно ги наградува сите ученици кои ќе постигнат високи резултати на натпреварите како и учениците заслужни за афирмација на нашето училиште.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи по квартали врз основа на евиденции за постигнувањата на учениците.Тие извештаи се доставуваат кај стручната служба и раководниот кадар на училиштето кои ги обработуваат, сумираат и ги презентираат на Наставнички совет. Резултатите од анализите се користат за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. **Во учебната 2022/23 год. средниот успех на ниво на училиште е 4.32.**

Училиштето настојува да одржи континуитет во успехот, како и да го подобри истиот преку изготвување план за подобрување на успехот кај учениците Роми и надминување на проблемот со нивната редовност во наставата.

Директорот ,стручните соработници и наставниците планираат низа на активности како, индивидуални разговори со учениците, средби со родителите, поттикнување на учениците за посета на дополнителната настава, како и активности поврзани со редовноста и постигнувањата во наставата од далечина. Целта на овие активности е преку поддршка на учениците да се зголеми мотивацијата за работа и подобрување на успехот на учениците.

**15.2 Професионална ориентација на учениците**

Тимот за професионална ориентација на учениците се состои од сл.членови: Директор Даница Соколова , педагог Силвана Матиловска, психолог Елена Спасовска, спец.едукатор Снежана Миленкова и класни раководители на ученици од IX одд.:Ангелина Илиевска, Лидија Манаскова и Нермин Адем.
Активностите на Тимот за професионална ориентација ќе бидат следниве: Запознавање на учениците со Конкурсот за упис во средните училишта на град Скопје; Запознавање со средните училиштата преку посети, презентации, флаери од училиштата;помош во електронското аплицирање .
Посети на отворени денови во средните училишта; Испитување на интересите и способностите на учениците преку анкети и прашалници; Предавање за учениците на тема „Правилен избор на идното занимање“ и предавање за родителите „Улогата на родителот во изборот на идното занимање на детето“; Запознавање на учениците со потребната документација за уписот во средните училишта; Навремено информирање на учениците за новините во средното образование за следната учебна година преку веб страната на училиштето.

**15.3 Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација**

Со цел училиштето да создаде безбедна и стимулативна средина ги ангажира постојните ресурси и ги вклучува сите учесници во воспитно-образовниот процес во превенција и заштита на децата низ наставните и воннаставните активности. Училиштето ќе планира и реализира низа на превентивни програми и работилници за намалување на насилното однесување и подигнување на свеста кај учениците за последиците од истото. Училиштето ќе формира тим за превенција и заштита на учениците од секаков вид насилство (семејно, сајбер насилство и сл.) ,злоупотреба на пиротехнички средства, зависности од алхохол и трговија со луѓе.

Училиштето ќе постапува и согласно член 66 став 2 од Законот за основно образование односно Упатството за пријавување и заштита на ученик жртва на било која форма на насилство ,злоупотреба и занемарување. Постапката опфаќа јасно дефинирање на видовите на насилство, превенцијата (едукација,работилници,психолошки советувања,разговор), интервенирање (пријавување, смирување на ситуацијата или барање на дополнителна помош и соработка со МВР, МТСП, Центар за социјални работи ,Министерство за здравство, Јавно обвинителство и др.надлежни институции), евиденција на настаните, видовите на интервенции (формулари за евиденција на насилството, видовите на интервенции кои ке се превземат, предлог-мерки за заштита ,следење на спроведените мерки ,процена на ефектите од истите или планирање и превземање на др.мерки,дописи ,писма со надлежни институции,посети и др.)

Училиштето ќе планира и низа на еднократни работилници на следниве теми: справување со булинг, сајбер насилство, безбедност на интернет, штетните последици од користење на дрога и алхохол ,стоп за дискриминацијата, превенција од опасности од користење на пиротехнички средства ,справување со стресни ситуации ,чувство на лутина, тага и несигурност и др. Работилниците ќе се реализираат од страна на наставниците ,стручните соработници или гостин –стручно лице експерт од областа. Училиштето има своја процедура за заштита од насилство,злоупотреба,занемарување. Тимот за превенција и заштита на учениците, по потреба ке бара помош од Центарот за социјални работи,МВР и др.надлежни институции.

Стручните соработници, нудат поддршка и помош за родителите и учениците кои ќе се најдат во стресни и кризни ситуации за време на online наставата. Можат анонимно да се обратат на емаил адресата: **oousovetuvanje@gmail.com**

Во текот на годината се планирани и активности кои се однесуваат на антикорупциска едукација на учениците. Во рамките на предметите граѓанско образование, општество и образование за животни вештини, планирани се презентации за запознавање со основните поими за корупција и антикорупција, изработка на постери,писмени состави и есеј и други активности.

**16.Оценување**

**16.1 Видови на оценување и календар на оценувањето**

Постигнувањата на учениците во основното училиште се оценува описно и бројчано. Во првиот период (I –III одделение) постигањето на учениците во текот на наставната година по задложителните и изборните предмети се оценува описно. Учениците од I –III одд. на крајот од учебната година добиваат свидетелство со описни оценки.
Во вториот период (IV –VI одд) постигањето на учениците во текот на учебната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно за I,II,III тримесечје а за крајот на годината добиваат свидетелство со бројчани оценки.
Во третиот период (VII – IX одд.) постигањето на учениците во текот на учебната година по задолжителните и изборните предмети се оценува бројчано.

Секој наставник изготвува план за писмено оценување на учениците од II – IX одделение во своите тематски и процесни планирања и истото го запишува во дневникот на паралелката, имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу едно, а седмично по две писмени работи).
Формативното оценување трае континуирано во текот на целата учебна година, при што се следи напредокот на ученичките знаења и се даваат повратни информации на учениците. Сумативното оценување се реализира на крајот на квалификационите периоди во текот на учебната година (прво и второ тримесечје, крај на прво полугодие и крај на учебната година). Училиштето врши следење, анализа и поддршка на квалитетното оценување. За таа цел се следи, споредува и анализира успехот на учениците по класификациони периоди, по учебни години и по одделни предмети. Се следи и начинот на оценување на наставниците, посебно наставниците почетници и се нуди поддршка на истите.

Директорот и стручните соработници го следат оценувањето на учениците и преку оперативниот план се планираат низа активности како што се: откривање на причините за послабиот успех кај одредени ученици, подобрување на комуникацијата меѓу наставниците и ученикот и меѓу самите ученици, поттикнување на тимската работа меѓу учениците и меѓуврсничко помагање, редовно следење на дополнителната настава, советодавна поддршка и мотивација и сл., како и мотивирање и поттикнување на учениците за учество на натпревари и конкурси..

Членови на Комисијата за повторна проверка на знаењето на учениците се: одделенскиот раководител како претседател, членови се одделенските / предметните наставници и наставник кој го предава одредениот предмет и не е од истото училиште.
Членови на Испитната Комисија за одд.испит,поправен испит се: претседател- одд/класниот раководител и членови на комисијата се наставниците кои го предаваат предметот.

**16.2 Тим за следење, анализа и поддршка**

Тимот за следење, анализа и поддршка води сметка дали оценувањето на учениците е согласно критериумите и стандардите за оценување од страна на БРО и Законот за основно образование. Се следи дали секој наставник изготвува план за писмено оценување на учениците од (I – IX) одделение во своите тематски и процесни планирања и истото го запишува во дневникот на паралелката, имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу едно, а седмично по две писмени работи) и дали се придржува согласно планираното.

Одделенскиот наставник/ раководителот на паралелката е должен да ги извести родителите/старателите за успехот на детето најмалку два пати во секое полугодие т.е на родителски состаноци најдоцна три дена по завршувањето на одд.совети за утврдување на успехот и поведението на учениците за прво тримесечје, прво полугодие, трето тримесечје, и на крајот на наставната година. Родителите /старателите се информирани за законските одредби од членот 143 а се однесува на правото на приговор за годишните оценки. Сите родители добиваат писмени, електронски известувања за успехот .

**16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-обрзазовниот кадар**

Следењето на квалитетот на работата започнува со проверка на годишните програми на наставниците согласно потребните критериуми. Проверката ја спроведува комисија за проверка на годишните програми на наставниците формирана од страна на Директорот.

Директорот и стручните соработници согласно Законот за основно образование најмалку два пати во полугодието ќе планираат посети на часови на наставата со физичко присуство или на далечина.

Посетата на часови се одвива со претходно известување на наставниците и при тоа се бележат активностите на наставникот согласно дневната подготовка за часот.

На состаноците на стручните активи се дискутира за добрите но и помалку добрите страни на часот со цел подобрување и усовршување на воспитно-образовната работата на наставниците со учениците.

Директорот и стручните соработници ја следат и реализацијата на дополнителната и додатната настава, воннаставните активности и оценувањето на учениците.

Директорот ја следи и реализацијата на online наставата и дава повратна информација во форма на извештај на одд./наставничките совети и доставува извештај до Општината, ДПИ, МОН. Со цел увидување на квалитетот на наставата, се спроведува анонимна анкета на наставниците, учениците и родителите а нејзините резултати ќе се применат за подобрување на наставниот процес.

**16.4 Самоевалуација на училиштето**

Врз основа на Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ бр.161, од 5.8.2019год. Комисијата за изготвување на самоевалуацијата на работата на ООУ „Гоце Делчев“- Општина Аеродром за периодот 2022-2024 год. ќе изврши самоевалуација на работата на училиштето.

Во процесот на спроведување на самоевалуацијата беше користена целокупната евиденција и документација на училиштето,податоци од професионалните досиеја на наставниците, како и резултатите од спроведените анкетни прашалници за родители, ученици и наставници, согласно индикаторите во секое од подрачјата. За изготвување на Самоевалуацијата ќе бидат следени насоките од Законот за основно образование ,Индикатори за квалитетот на рабоатта на училиштата (ДПИ,Скопје 2019).

Целта на самоевалуацијата е конкретни анализи и осврти на сите области на работењето на училиштето да се добие слика за квалитетот на работењето,напредокот,и постигнувањата на училиштето,јаките но и слабите страни ,за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување .Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојниет ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето.На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно образовниот процес.Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување на унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности.Заедничка цел на сите субјекти во училиштето се слабите страни да се во помал број а јаките да се во поголем број.

Со самоевалуацијата раководи училиштната комисија составена од психолог, педагог ,специјален едукатор, наставници и еден родител. Реализатори на самоевалуацијата се седум тимови на наставници од одделенска и предметна настава кои работат на следниве подрачја: Наставни планови и програми; Постигнувања на учениците; Учење и настава; Поддршка на учениците; Училишна клима; Ресурси; Управување, раководење и креирање политика.

Извештајот од спроведената самоевалуација се доставува до сите надлежни субјекти на крајот на учебната година 2024 год.

**17.Безбедност во училиштето**

Училиштето располага со интерен план за заштита и спасување при настанување на елементарни непогоди. Во планот се опфатени ресурсите со кои располага училиштето за заштита и мерките кои би се превзеле за избегнување или намалување на несаканите последици во случај на елементарни непогоди: земјотрес,поплава,пожар,невреме,и сл**.** Поставени се ПП апарати на видно место а наставниците и вработените се обучени за употреба на истите. ПП апаратите редовно се сервисираат.

Училиштето има план за евакуација истакнат на видно место во училиштето. За вработените редовно се организираат обуки за безбедност при работа и вежби и симулации за постапувања во случај на елементарни непогоди. Во училиштето, преку видливи ознаки, соодветно се означени потенцијално опасните места за учениците и вработените. За одржување на безбедноста во училиштето, ќе продолжи да функционира физичкото обезбедување и поставениот видео надзор, а во ходниците ќе се изведува дежурство од страна на наставници. Дежурството на наставниците се изведува согласно распоредот за дежурства и зададените задолженија од страна на Директорот за безбедно присуство на учениците во училиштето за учебната 2023/24 год.

**18.Грижа на здравје**

**18.1 Хигиена во училиште**

За да се одржи високото ниво на хигиена во училиштето континуирано се употребуваат високо квалитетни хигиенски средства за дезинфекција.Во однос на начинот на одржување на хигиената во училиштето се врши:секојдневно чистење на сите простории во училиштето,еднаш во неделата се врши темелно чистење на просториите и еднаш во месецот генерално чистење на просториите во училиштето. Покрај тоа два пати во годината ( јануари, јули) се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација од служби во Центарот за јавно здравје. Наставниците во соработка со родителите ќе водат грижа за развивање навики кај учениците за одржување на личната хигиена преку советувања за лична хигиена ,предавања за лична хигиена ,препораки од Министерство за здравство и Институтот за Јавно здравје и др.

Хигиената е одговорност и на дежурните ученици во паралелките кои за време на малите и големите одмори водат грижа за хигиената и редот во училницата и соработуваат со дежурните наставници и техничкиот персонал.

**18.2 Систематски прегледи**

Училиштето соработува со здравствени установи за задравствена заштита на учениците.Редовно и навремено се известуваат родителите за систематските прегледи за учениците кои се планираат и реализираат пред или по завршување на часовите, без да се попречува наставата.

Во текот на учебната година систематски прегледи се вршат за учениците од I-IX одд. во придружба на одделенските раководители на паралелките .За учениците од I и III одделение задолжително ги придружуваат и нивните родители. Систематски прегледи се врши во Поликлиника Јане Сандански.Систематските прегледи се вршат после и пред часовите да не се ремети редовната настава.

**18.3 Вакцинирање**

Имунизација (вакцинација) се врши за ученици од одделенска и предметна настава според распоредот за имунизација од Заводот за Јавно здравје. Учениците се предводени од нивните одделенски раководители.Опфатени ученици за вакцинација и имунизација се учениците од I -IX одделение.

Имунизацијата се врши во Поликлиника Јане Сандански.

**18.4 Едукација за здрава храна-оброк во училиштата**

Доставувањето на оброкот/ците на учениците во училиштето за учениците од целодневна настава (I-IIIодд) се организира преку јавен тендер на кој се избира најдобрата понуда согласно Критериумите за исхрана на учениците од МОН.

Учениците добиваат веќе подготвен оброк кој ќе се сервира во соодветна просторија- менза согласно сите мерки и протоколи за работа (хигиенски , здравствени и др).Со цел за унапредување на здравјето на учениците училиштето води грижа и за едукација на учениците за здрава храна и за подигнување на свеста за здрава храна и придобивките од истата.Вклучени се едукативни предавања од родители и експерти од таа област кои се реализираат во воннаставните активности. Покрај тоа наставниците на часот на одделенската заедница обработуваат теми за здрава храна. Исто така на редовните часови се обработуваат содржини поврзани со здравиот начин на исхрана и живеење, производството на органска храна и др.

**19.Училишна клима**

**19.1 Дисциплина**

Училиштето водејќи сметка за целосната дисциплина во училиштето а со тоа ја обезбедува и безбедноста на учениците во училиштето. За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен Куќен ред кој треба да го почитуваат сите субјекти во училиштето.Се изработуваат правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите. Дисциплината во училиштето се одржува преку редовно дежурство на наставниците распоредени низ училишната зграда и простории. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки ,пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и Евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците и др.интерни протоколи.

Дежурните наставници редовно водат писмена евиденција за тековните збиднувања во наставниот ден и случувања за време на одморите .За дежурствата се бележи соодветна документација за сите збиднувања за време на одморите.

**19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

Естетскиот изглед на училиштето е значајна обврска за целокупниот работен колектив, затоа што училиштето со својата беспрекорна чистота, уредност и ликовно естетски изглед треба позитивно да влијае на учениците. На тој начин се создава пријатна атмосфера и стимулативна средина за учење и работа. Естетското обликување на просториите во училиштето и украсување на училниците, ходниците и училишниот двор е постојана грижа на сите ученици, наставници .

Училишниот двор хортикултурно е уреден со цвеќе за пријатен престој во училиштето за учениците и вработените преку низата планирани еколшки акции истото ќе се практикува и оваа година.

Тргнувајќи од организациската поставеност во училиштето, една од задачите ќе биде и естетското уредување на училишните простории во согласност со потребите на учениците, наставниците и родителите. Целта на тимот е да се согледаат потребите и да се реализираат зацртаните задачи. Тимот за естетско уредување на училиштето се грижи за уредување на училишните холови во текот на целата учебна година и секако во согласност со годишните времиња, важни настани, празници, МИО и ЕКО активности, натпревари и слично.

| Активност | Простор кој ќе се уредува-активности | Носители на активноста | Време на реализација | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Уредување на внатрешниот простор на училиштето за новата учебна година *2023/2024* год | 1. Уредување на училниците за почеток на учебната 2023/24год.<br>2. Уредување на просторот-паноата пред своите училници | Наставниците од оделенска и предметна настава (секој својот кабинет и холот пред училницата) | Август 2023 | Хамери, листови во боја, селотејп, боцки, спортски реквизиити; |
| | 3.Уредување на холот од училиштето за почеток на учебната година | Комисија за естетско уредување | | |
| | 4.Средување на спортската сала со спортски реквизити | Александар Кузмановски Драган Соколов и Мартина Боглева | | |
| | 5. Средување на холот во целодневна | Наставници од целодневна Прво ,второ и трето одделение | | |
| | 6. Естетско уредување на просторот со есенски мотиви | Тим за естетско уредување/ секој во својата училница и во дел од холот | Септември 2023 | Хамери, листови во боја, селотејп, боцки, спортски реквизити |
| | 7. Естетско уредување на просторот со зимски мотиви | Тим за естетско уредување/ Одделенски и предметни наставници | Декември-2023 Февруари 2023 | |
| | 8. Естетко уредување на просторот со Новогодишни мотиви | Тим за естетско уредување/Одделенски и предм. наставници | Декември 2023 | |
| | 9. Естетско уредување на просторот на тема ,,Пролет и Екологија“ | Тим за естетско уредување/Одделенски и пред.наставници | Март-Мај 2024 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 10. Естетско уредување на просторот на тема лето и летен распуст; | Наставниците од оделенска и предметна настава (секој својот кабинет и холот пред училницата) | Мај-Јуни 2024 | |
| | 11. Едукативно и естетско уредување на кујнскиот простор со содржини за ,,Здрава храна“ | Наставници од целодневна настава | Септември-јуни | Постери со здрава храна, Пораки за здрава храна; |
| Уредување на просторот на училиштето *за2023/2024* год<br><br>Уредување на игралиштето целодневна настава | 1.Двор-Засадување на садници и цвеќиња;<br>2.Одржување на тревни површини и засадените цвеќиња и садници, игралишта и друго; | Наставник по биологија, наставници по природни науки, ученици и технички персонал; | Март/ Ноември Континуирано | Хумус, садници, семиња, цвеќиња, |
| | Сликање на училишниот двор кај целодневна настава со занимливи апликации за учениците. | Наставник по ликовно, и техничко образование одделенски наставници | Август септември 2023 | Бои,четки, ракавици, разредувач Скоч-трака; |
| Хортикултурно оплеменување на паркот во училишниот двор, Уредување на паркот на училиштето. | Оплеменување на просторот со зеленило,и разновидни цвеќиња. | Технички персонал и наставниците од одделенска и предметна настава<br>. | Август, Септември, 2022<br>Март, Април, Мај, Јуни2024 | Клупи/столици, маса, жардињери, зимзелени садници |

**19.3 Етички кодекси**

Училиштето има изработено интерни Кодекси на однесување со кои се запознаени сите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес и редовно се потсетуваа на правилата на однесување и нивно почитување и истите се истакнати на видно место во училиштето.

- Должности на воспитно – образовниот кадар
- Правила за должностите и однесувањето на учениците
- Еко кодекс
- Кодекс за однесување во училницата за компјутери
- Кодекс за облекување
- Куќен ред на училиштето
- Куќен ред за користење на спортската сала
- Кодекс за однесување за време на излети,екскурзии

**19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето**

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичкиот паламент , Стручни активи).Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Раководниот тим преку континуирана соработка и коминикација со сите вклучени субјекти во согласност со ЗОО редовно се водат состаноци на чие присуство е задолжително и со закон регулирано на кој се разменуваат мислења и идеи за тековните проблеми и прашања од работата на училиштето.Внатрешната комуникација и меѓучовечките односи меѓу сите структури во училиштето се на задоволително ниво.Вклучување на учениците преку Ученичкиот парламент е важен сегмент за развојот на демократската училишна клима .

Вклучување на родителите во воспитно образовна дејност т.е отвореност кон средината преставува чекор напред кон унапредување на воспитната дејност.

Со цел подобрување на квалитетот на комуникацијата и да се зајакне меѓусебната доверба и соработка мегу сите субјекти во училиштето, училиштето ќе иницира и дебати, состаноци и низа на заеднички прослави по повод Денот на жената, Нова Година, Денот на училиштето и заеднички прошетки и излети.

## 20.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Професионалниот развој на воспитно–образовниот кадар подразбира секојдневно професионално и лично растење на наставникот. Од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуациии и спроведено анкетирање на наставниците, се утврдени следниве потреби за професионалниот развој на образовниот кадар:

-Обуки на наставници за работа со ученици за посебни образовни потреби , талентирани ученици, обуки за користење современи ИКТ алатки во наставата, обуки за алтернативен начин на предавање, обука за оценување на учениците и други обуки според сопствените потреби или планирање во сопствениот професионален развој, кои може да се реализираат со физичко присуство или на далечина.

Обуките ќе бидат организирани од МОН и БРО, од училиште и други понудувачи на обуки (НВО, здруженија на граѓани, центри за едукација и др.)

### 20.2 Активности за професионален развој

Училиштето формира Тим за професионален развој составен од следниве членови: Директор даница Соколова, претседатели на активи - Маја Вељиќ, Маја Весковска, Магдалена Илиоска Трајковска, Марија Андонова, Ирена Додевска, Силвана Матиловска, Снежана Миленкова, Елена Спасовска.

Секој наставник ги согледува и истакнува сопствените цели и селектира активностите кои ќе овозможат реализација на поставените цели.

Училиштето ги мотивира наставниците за посетување семинари и обуки да бидат учесници на конференции, конгреси со свои трудови, пишување на статии во стручна литература.

Ангажирање на искусниот кадар во улога на обучувачи за дисименирање на иновациите и во улога на ментори за подршка на професионалниот развој на колегите е битен сегмент за професионалниот развој. Стручната служба редовно ги води професионалните досиеја за наставниците со кое се собираат докази за напредокот на наставникот.

Наставникот ментор е Тајна Јовановска ги извршува работните должности според звање наставник-ментор од Член 37 според ЗОО,која изготвува Програма за работа и извештај за својата работа .

### 20.3 Личен професионален развој

Тимот за професионален развој води особена грижа за планирањето и реализацијата на програмата за професионалното усовршување на наставниците. Подготвување и реализирањето на личниот план за професионален развој на наставникот му овозможува систематско развивање на компетициите што му се потребни, подобрување на воспитно-образовната работа, достигнувања на стандардите за повисоки звања и кај други наставници, струни соработници и напредувања на кариерата.

**20.4 Хоринзонтално учење**

Во училиштето се планираат и реализираат разни начини на пренесување на знаењата и размена на професионално искуство на наставниците и стручните соработници. Училишните тимови и стручните активи изработуваат програми во кои се застапени следните активности: размена на професионално искуство, отворени часови, дискусии на седниците на активите, работилници според потребите на наставниците, презентации и сл.

**20.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**

- **КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ**

Наставниците во основните училишта може да напредуваат во звања. Наставникот може да напредува во звањата наставник-ментор и наставник -советник. Професионалните стандарди за звањата наставник-ментор и наставник-советник и начинот на стекнување ги пропишува министерот на предлог на Бирото и Центарот.

Во нашето училиште, одделенскиот наставник Тајна Јовановска е со звање наставник-ментор, утврдено на 16.6.2021 год.Училиштето ќе ги следи објавите на МОН за Јавен конкурс за аплицирање за кариерно напредување на наставниците и стручните соработници.

**План за подршка на воспитно-образовниот кадар за нивно кариерно напредување**

| **Активности на училиштето за подршка на воспитно-образовниот кадар за нивно кариерно напредување.** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање со Стандардите за наставник – ментор | Запознавање со Стандардите за наставник - советник | Запознавање со критириумите потребни за напредување за наставник - ментор | Запознавање со критириумите потребни за напредување за наставник - советник | Запознавање со Процедурата за стекнувањето на звање | Време на релизација | Одговорни лица |
| 1. Знаења за наставниот предмет и знаења за восп. обра.з систем<br><br>2. Поучување и учење<br><br>3. Создавање на стимулативна средина за учење<br>4. Социјална и образовна инклузија<br>5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата<br>6. Професионале | 1.Знаења за наставниот предмет и знаења за восп-образ.систем<br><br>2. Поучување и учење<br>3. Создавање на стимулативна средина за учење<br>4. Социјална и образовна инклузија<br>5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата<br>6. | 1.Наставникот –ментор има најмалку 5 години работно искуство како наставник,<br><br>2.Ги исполнува професионалните стандарди за наставник-ментор | 1.Наставникот-советник може да напредува во звање наставник-советник доколку: има најмалку 9 години работно искуство,<br>од кои три години во звањето наставник-ментор, ги исполнува професионалните стандарди за наставник-советник. | 1.Доставување на Барање за напредување во звање до МОН по објавен јавен повик, преку електронска апликација.<br>2.Доставување на потребната документација и<br>3.Мислење од училиштето за исполнетоста на стандардите за наставник-ментор<br>4.Извештај (ПИОМ) за работен стаж на | Во текот на 2023/24 | Директор<br>Стручни соработници<br>Претседатели на активи<br>Наставнички совет |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| н развој и професионална соработка. | Професионален развој и професионална соработка. | | | наставникот,<br>5. Известување од Комисијата за ранг листата со кандидати. | | |

- **КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ**

Стручните соработници во основните училишта може да напредуваат во звања.Стручниот соработник може да напредува во звањата, стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник. Професионалните стандарди за звањата стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник и начинот на стекнување ги пропишува министерот на предлог на Бирото и Центарот.

| **Активности на училиштето за подршка на воспитно-образовниот кадар за нивно кариерно напредување.** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
**Забелешка**: Наставните содржини можат да бидат менливи, согласно тековните активности.

**Одговорен наставник : Марија Андонова**

| **ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНСКИ СОВЕТИ (ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА) за учебната 2023-2024 год.** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Содржина на активностите** | **Реализатори** | **Време на реализација** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** |
| 1.Анализа на реализација на наставните програми реализација и број на часови ,информирање за новините во наставните програми. | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници | Ноември 2023<br>Јануари 2024<br>Април 2024<br>Јуни 2024 | Наставни планови и програми<br>Стручна литература | Подобрување на квалитетот на наставата и навремено постапување согласно измените на наставните програми |
| 2.Разгледување на успехот на учениците и поведението со посебен осврт на слабите ученици ни и подршка на оние кои покажуваат солидни резултати,предлог за пофалба на ученици. | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници | Ноември 2023<br>Јануари 2024<br>Април 2024<br>Јуни 2024 | Педагошка евиденција<br>Евидентни листови<br>Свидетелства<br>Пофалници<br>Сумативни извештаи за успехот по пол,националност | Подобрување на успехот на учениците и поведението |
| 3.Анализа на редовноста на учениците и препораки за подобрување | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници | Ноември 2023<br>Јануари 2024<br>Април 2024<br>Јуни 2024 | Педагошка евиденција<br>Родителски средби<br>Индивидуални состаноци со родители | Подобрување на редовноста и успехот на учениците. |
| 4.Анализа на реализацијата на дополнителната,додатната настава,вонаставните активности и др. | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници | Ноември 2023<br>Јануари 2024<br>Април 2024<br>Јуни 2024 | Наставни програми<br>Прирачници<br>Закони,подзаконски акти | Подобрување на квалитетот на наставата<br>Професионален развој |
| 5.Тековни прашања,предлози и мислења. | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници | Ноември 2023<br>Јануари 2024<br>Април 2024<br>Јуни 2024 | Наставни планови и програми<br>Стручна литература<br>Дискусија | Подобрување на квалитетот на наставата. |

**Записничар: Марина Васевска**

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНСКИ СОВЕТИ (ПРЕДМЕТНА  НАСТАВА) за учебната 2023-2024 год.**

| Содржина на активностите | Реализатори | Време на реализација | Ресурси | Очекувани   ефекти |
|---|---|---|---|---|
| 1.Распределба на учениците од VI-IX одд.по паралелки со посебен осврт на распределбата на новодојдените ученици. | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници | Август 2023<br>Во текот на 2023-2024 год. | Педагошка документација | Подобрување на квалитетот на наставата и климата за работа за новодојдените ученици |
| 2.Запознавање со новините во законските,одредби,наставните планови и програми,протоколи за работа во училиштето. | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници | Август 2023<br>Во текот на 2023-2024 | Закони и подзаконски акти, Наставни планови и програми од БРО | Подобрување на квалитетот на наставата и навремено постапување согласно измените на наставните програми. |
| 3.Разгледување на успехот на учениците и поведението со посебен осврт на слабите ученици ни и подршка на оние кои покажуваат солидни резултати,предлог за пофалба на ученици. | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници | Ноември 2023<br>Јануари 2024<br>Април 2024<br>Јуни 2024 | Педагошка евиденција<br>Евидентни листови<br>Свидетелства<br>ПофалнициСумативни извештаи за успехот по пол,националност | Подобрување на успехот на учениците и поведението |
| 4.Анализа на редовноста на учениците и препораки за подобрување | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници | Ноември 2023<br>Јануари 2024<br>Април 2024<br>Јуни 2024 | Педагошка евиденција<br>Родителски средби<br>Индивидуални состаноци со родители | Подобрување на редовноста и успехот на учениците. |
| 5.Анализа на реализацијата на дополнителната,додатната настава,вонаставните активности  и др. | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници | Ноември 2024<br>Јануари 2024<br>Април 2024<br>Јуни 2024 | Наставни програми<br>Прирачници<br>Закони,подзаконски акти | Подобрување на квалитетот на наставата<br>Професионален развој |
| 6.Тековни прашања,предлози и  мислења. | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници | Ноември 2023<br>Јануари 2024<br>Април 2024<br>Јуни 2024 | Наставни планови и програми<br>Стручна литература<br>Дискусија | Подобрување на квалитетот на наставата. |

**Записничар: Ирена Додевска**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШЕН ИНКЛУЗИВЕН ТИМ ИНКЛУЗИВЕН ТИМ учебна 2023-2024 година.

Според определбите во концепциските документи за основното образование во Република Северна Македонија наставниците училиштето имаат посебна одговорност кон учениците кои од различни причини имаат тешкотии во учењето и постигнувањето на образовните цели, што доаѓа до израз со прилагодувањето на содржините и методите во наставата кон различното темпо на напредување на учениците.Учењето во иста паралелка не значи учење на иста работа во исто време.Учениците кои учат заедно,учат и да живеат заедно.

| Планирани програмски активности | Цел на активноста | Реализатори | Време на реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Набљудување при упис во I одд. Спроведување на прашалник за родителите при упис во I одд. | Запознавање со учениците и детектирање на проблемите и потребите | Комисија за прием на првачиња | Мај | Навремено дијагностицирање на проблемите |
| Евидентирање на ученици со посебни потреби ,емоционални и потешкотии во учењето.Опсервација ,работа со учениците. | Подготовка на соодветен индивидуален пристап на учениците | Инлузивен тим наставници | Септември | Увид во состојбата на учениците |
| Запознавање на предметните наставници од VI одд. со учениците со ПОП кои преминуваат од одделенска во предметна настава | Размена на искуства меѓу наставниците за работа со овие ученици | Инклузивен тим наставници | Септември | Соодветна профатеност на учениците кои преминуваат од одделенска во предметна настава |
| Насоки за изготвување на ИОП и пополнување на потребните обрасци | Да им се помогне на наставниците во целосно разбирање на инклузивното образование и наставниците да се оспособат за изготвување на ИОП | УИТ наставници | Септември<br><br>Во текот на учебната година | Зголемување на бројот наставници кои знаат да направат ИОП Изготвување на ИОП-и и олеснета работата и учењето на учениците |
| Непосредна работа со учениците со ПОП и емоционални потешкотии. | Откривање на соодветен пристап ,методи и форми на работасамопочит,изразување на емоции,справување сострес,инерперсонални вештини) | Спец.едкатор .и рехабилитатор УИТ наставници | Во текот на учебната година | Утврдување на соодветен пристап и дидактичка подготвеност за работа со ПОП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Развивање на позитивни ставови кон овие ученици и подршка од соучениците.(меѓуврсничка медијација) | Подобрена инлузивна клима. | Инлузивен тим Наставници ученици | Во текот на учебната година | меѓуврсничка комуникација со учениците со ПОП. |
| Примена на инструменти за набљудување | Утврдување на степенот на интегрирање на учениците со ПОП | Инлузивен тим наставници | Во текот на учебната година | Индивидуално прилагодување на воспитно-образовната работа и потполна интеграција на ученикот |
| Стратегии за учење со примена на диференциран пристап . | работилници | УИТ наставници | Октомври | Формирање на соодветни стратегии за учење кај децата со ПОП |
| Соработка со надлежни стручни институции (Завод за ментално здравје на деца и младинци, Центар за социјална работа,и др. Соработка со родители | Да се добие дополнителна стручна помош и подршка | УИТ | континуирано | Унапредување на инклузивното образование и на воспитно-образовниот процес |
| Следење на степенот на инклузираноста на учениците со ПОП во наставно-образовниот процес. | Можност за напредок на секое дете. | УИТ наставници | Во текот на учебната одина | Подобрување на социјализацијата на овие ученици |
| Професионална ориентација на учениците со ПОП од деветто одделение. | Да се запознаат учениците со изборот на занимања | УИТ | Мај | Правилен избор на занимање (запишување во средно училиште) |
| Извештај за работата на ИТ | Да се сумира реализацијата на активностите на УИТ | УИТ наставници | Јуни | Документирана е работата на ИТ |
| Соработка со ресурсен центар д-р Златан Сремац | Да се олесни воспитно образованата работа на учениците со ПОП | УИТ | континуирано | Да се подобри квалитетот на инклузивност |

## Програма за работата на образовниот медијатор за учебната 2023-2024год.

Согласно Законот за основно образование член 37 училиштето за учениците роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства или се подолг период надвор од образовниот систем поднесе Барање за ангажирање на образовни медијатори за учениците роми до МОН .

| **Планирани активности на образовниот медијатор** | **Време на реализација** | **Очекувани резултати** | **Име и презиме на одговорното лице кое ќе ја следи реализацијата на активностите.** |
|---|---|---|---|
| 1.Доставување на Програма за работа за работа | Јуни<br>2023-2024 | Подобро организирана работа | Директор<br>Стручни соработници<br>МОН |
| 2.Следење на редовноста и јакнење на мотивацијата за учење | септември-јуни<br>2023-2024 | Подобрени постигнувањаПодобрена редовност на учениците | Директор<br>Стручни<br>Соработници,МОН |
| 3.Соработка со родители | септември-јуни<br>2023-2024 | Подобрени постигнувања, Поголемавклученост на родителите роми во училиштето. | Директор<br>Стручни<br>Соработници,МОН |
| 4.Соработка со наставници | септември-јуни<br>2023-2024 | Подобрени постигнувања размена на знања,повратни информации за учениците | Директор<br>Стручни<br>Соработници<br>МОН |
| 5.Доставување на месечни ,полугодишен и Годишен извештај за својата работа . | Секој месец во текот на учебната година | Анализа на податоците со цел унапредување на работата на образовниот медијатор за сл.учебни години. | Директор<br>Стручни<br>Соработници<br>МОН |

Програмата може да претрпи промени.

**Програма за работата на тутори за учебната 2023-2024год.**

Согласно Законот за основно образование член 36 МОН обезбедува дополнителна подршка за учениците по предметите согласно наставниот план.

| **Планирани активности на тутор-волонтер** | **Време на реализација** | **Очекувани резултати** | **Име и презиме на одговорното лице кое ќе ја следи реализацијата на активностите.** |
|---|---|---|---|
| 1.Доставување на Програма за работа за работа на тутор-волонтер | август 2023 | Подобро организирана работа | Директор<br>Стручни соработници<br>МОН |
| 2.Помош на учениците кои имаат потешкотии во постигнувањата по одредени предмети | септември-јуни 2023-2024 | Подобрени постигнувања одредените предмети | Директор<br>Стручни<br>Соработници<br>МОН |
| 3.Следење на редовноста и јакнење на мотивацијата за учење | септември-јуни 2023-2024 | Подобрени постигнувања<br>Подобрена редовност на учениците | Директор<br>Стручни<br>Соработници<br>МОН |
| 4.Соработка со родители-писмена согласност од родител/старател | септември-јуни 2023-2024 | Подобрени постигнувања, Поголемавклученост на родителите роми во училиштето. | Директор<br>Стручни<br>Соработници,МОН |
| 5.Соработка со наставници | септември-јуни 2023-2024 | Подобрени постигнувања размена на знања,повратни информации за учениците | Директор<br>Стручни<br>Соработници,<br>МОН |
| 6.Доставување на месечни ,полугодишен и Годишен извештај за својата работа . | Во текот на учебната година | Анализа на податоците со цел унапредување на работата на туторот волонтер . | Директор<br>Стручни<br>Соработници,<br>МОН |

Програмата може да претрпи промени.

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА ХОР И ОРКЕСТАР И СТРУКТУИРАЊЕ НА СОДРЖИНАТА за учебната 2023-2024год год.**

**ПРОГРАМА ЗА ХОР**

**Цел**:Целта на **УЧИЛИШНИОТ ХОР** е учениците да ги прошират знаењата и способностите во областа на музиката за која покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет, учениците се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на вокални дела во училиштето и надвор од него.

**Посебни цели:**

- да создава навика за редовност и точност;

- да се развиваат творечки способности, етички и естетски вредности;

- да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;

- да развива способност за индивидуално вокално интерпретирање;

- да ги почитува дадените упатства на диригентот / менторот;

- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;

- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;

- да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;

- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;

- да развива љубов и способност за вокална интерпретација и запознавање со културата на другите народи.

**ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС ЗА ХОР И**

**СТРУКТУИРАЊЕ НА СОДРЖИНАТА**

| Дела за<br>обработка | Конкретни цели<br>Ученикот: | Дидактички насоки<br>Наставникот: | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Аудиција | -да е музикален<br>-да има чист глас<br>-да поседува соодветен тонски опсег на гласот<br>-да демонстрира една песна по свој избор | -организира аудиција<br>-распејува<br>-поединечно преслушува | -Септември и во текот на целата учебна година 2023-2024год |
| -Основи на вокалната<br>техника<br>-Технички вежби<br>-Химната на Р.Македонија<br>„Ода на радоста“ Бетовен | -Завземање на правилна положба на телото при пеење<br>-да дише правилно<br>-да демонстрира вежби за дишење<br>-да демонстрира распејување | -објаснува за основните елементи на вокалната техника<br>-објаснува вежби за распејување<br>-објаснува за значењето на вокалната техника<br>-дискутира за пеењето како интелектуално-емоционално доживување | -Септември<br>-во текот на целата учебна година 2023-2024год |
| -„На час по пеење“ – Луиџи Керубини<br>Химна на училиште „Гоце Делчев“ | -Да дискутира за карактерот и текстот на песната<br>--да ја усвојува песната постапно<br>--да демонстрира точност<br>во изведбата со примена на темпо и динамика | -дискутира за текстот и карактерот на песната<br>-објаснува за начинот на изведбата<br>-го спроведува целиот процес на усвојување на песната | -Октомври<br>-Ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Задолжителна за смотри | -да дискутира за текстот на песната<br>-да го донесе карактерот на песната<br>-да се стави во улога на главните ликови во делото | -објаснува за текстот,карактериот и начинот на интерпретација<br>-го спроведува целиот процес | -Декември<br>-Јануар<br>-Февруар |
| -„Еко химна на училиште“<br>„Брала мома капини“ - (народна) | -да дискутира за текстот и карактерот на песната<br>-да ја увежбува<br>--да ја донесе ритмичко мелодиски точно со примена на динамика и темпо | -објаснува за начинот на исполнување на композицијата<br>-го спроведува целиот процес | -Март<br>-Април<br>-Мај |
| -По избор на учениците<br>-Пеење на сите изучени композиции во текот на учебната година | -да ја изведе избраната композиција со дискусија за неа | -им го објаснува начинот на изведба на композицијата | -Јуни |

Забелешка:во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот, а исто така од зависност на потребите на училиштето и интересот на учениците ќе се обработат и други композиции

## Организација на хорската настава

Часовите по **ХОР** ќе се организираат во текот на целата учебна година, а неделниот фонд е според тежинското ниво на композициите (едногласни, двогласни, тригласно) по 3 часа седмично. Во училишниот хор можат да членуваат ученици од VI, VII, VIII и IX, одделение, според интересот и гласовните можности на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализација ќе се организира според просторните можности на училиштето и можностите на учениците.Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето и Хорските смотри/ натпревари кои се реализираат секоја учебна година,како и за потребите на локалната средина и пошироко за разни културно-уметнички пригоди.

**Наставни методи и активности:**Во остварувањето на целите на училишниот **ХОР** ќе се применуваат следните наставни форми: истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална и др., а од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и други методи. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на индивидуалните чувства преку вокална презентација. Ќе се соработува и со разни културно-уметнички институции и уметници кои ќе бидат гости во училиштето, каде ќе може да се презентира професионален начин на хорска интерпретација

**Просторни и материјално-технички услови за работа:**Наставата по **ХОР** ќе се реализира во слободна училна во предвидениот час со соодветни помагала, инструменти истручна литература.

**Настапи:** Училишниот **ХОР** ќе настапува на културно-уметнички манифестации предвидени во Програмата на училиштето, а ќе учествува и на хорските смотри/натпревари организирани од страна на БРО и Здружението на музички педагози наРепублика Северна Македонија.

Одговорен наставник : Марија Андонова

**ПРОГРАМА ЗА ОРКЕСТАР**

Целта на **УЧИЛИШНИОТ ОРКЕСТАР** е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на инструментални дела во училиштето и надвор од него.

**Посебни цели:**

- да создава навики за редовност и точност;

- да се развиваат творечките способности, етички и естетски вредности;

- да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на инструменталникомпозиции;

- да развива способност за колективно инструментално интерпретирање;

- да ги почитува дадените упаства на диригентот/менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
-да открива нови можности за примена на инструментална активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.);
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и кулурата;
- да развива љубов и способност за инструментална интерпретација и запознавање со културите на другите народи.

**ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС И СТРУКТУИРАЊЕ НА СОДРЖИНАТА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Аудиција | -Да е музикален-Да има желба за групно музицирање -Да демонстрира една песна по свој избор | -Организира аудиција<br>-се расвируваат<br>-поединечно преслушува | -Септември и во текот на целата учебна година 2023-2024 год |
| -Основина<br>техника<br>-технички вежби<br>-C-dur скала | -Завземање на правилна положба на телото при свирење<br>-да дише правилно<br>-да го држи инструментот правилно<br>-да демонстрира правилно свирење на Це-дур скала | -објаснува за основните елементи на техника при изведба со блок флејта<br>-објаснува технички вежби<br>-ги усогласува при свирењето | -Септември<br>-во текот на целата учебна година 2023-2024 год |
| -„Миле Поп Орданов“ – обработка на народна песна | -Да дискутира за карактерот на песната<br>-да ја усвојува песната постапно<br>-да демонстрира точност во изведбата со примена на темпо и динамика | -дискутира з карактерот на песната<br>-објаснува за начинот на изведбата<br>-го спроведува целиот процес на усвојување на песната | -Октомври<br>-Ноември<br>-Декември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Задолжителна за натпревар | -да дискутира за карактерот на композицијата-да го донесе карактерот на композицијата | -објаснува за карактериот и начинот на изведба<br>-го спроведува целиот процес на усогласување и усвојување | -Јануари<br>-Февруари |
| -Менует-Хајдн | -да дискутира за карактерот на песната-да ја увежбува-да ја донесе ритмичко мелодиски точно со примена на динамика и темпо | -објаснува за начинот на исполнување на композицијата-го спроведува целиот процес | -Март<br>-Април |
| -По избор на учениците | -да ја изведе избраната композиција со дискусија за неа | -им го објаснува начинот на изведба на композицијата | -Мај<br>-Јуни |

**Забелешка:во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот, а исто така во зависност од потребите на училиштето и интересот на учениците ќе се обработат и други композиции.**

**Организација на оркестарската настава:**Часовите по **ОРКЕСТАР** ќе се организираат во текот на целата учебна година, а неделниот фонд е според тежинското ниво на композициите по 3 часа седмично. Во **училишниот оркестар** можат да членуваат ученици од VI/9, VII/9, VIII/9 и VIII/8 одделение, според интересот и техничките можности на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите, времето на реализација ќе се организира според просторните можности на училиштето и можностите на учениците.Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето и Оркестарските смотри/ натпревари кои се реализираат секоја учебнагодина, како и за потребите на локалната средина и пошироко за разни културно-уметнички пригоди.

**Наставни методи и активности:**Во остварувањето на целите на училишниот **ОРКЕСТАР** ќе се применуваат следните наставни форми: истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална и др., а од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа,демонстративна и други методи. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на индивидуалните чувства преку инструментална презентација. Ќе се соработува и со разни културно-уметнички институции и уметници кои ќе бидат гости во училиштето каде ќе може да се презентира професионален начин на инструментална интерпретација.

**Просторни и материјално-технички услови за работа:**Наставата по **ОРКЕСТАР** ќе се реализира во слободна училна во предвидениот термин по распоред, со соодветни инструменти и стручна литература.Настапи: Училишниот **ОРКЕСТАР** ќе настапува на културно-уметнички манифестации предвидени во Програмата на училиштето, а ќ**е** учествува и на оркестарските смотри/натпревари организирани од страна на БРО и Здружението на музички педагози на Република Северна Македонија.

**ПРОГРАМА**

**за Детската организација во ООУ „Гоце Делчев“**

**Од I до V одделение за учебната 2023/2024 г.**

Детската организација ќе се грижи за создавање услови за сигурно и весело детство на нашите деца. Детската организација ќе се вклучува во сите активности кои се организираат во училиштето и надвор од него за одбележување важни историски датуми од нашата и од светската историја, ангажирање на учениците во слободното време, поттикнување на другарството, соработката и солидарноста. Детската организација ги обединува сите ученици од прво до петто одделение. Организацијата има свое раководство и во својата програма ги предвидува содржините кои се поврзани со правата и должностите на детето, односно соработката со Сојузот за грижи и воспитување на деца, организирање на спортски и културно – уметнички активности и манифестации. Работата на детската организација ќе ја реализираат наставници кои ги определил наставничкиот совет.

Одговорни наставници: Елена Спасовска, Маријана Мушевска

| **Р**еден број | Програмска содржина | Носител на активноста | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на Програма за работа на ДО | Одговорни наставници и ученици | IX |
| 2 | Избор на раководство на ДО | Одговорни наставници и ученици | IX |
| 3 | Одбележување на првиот училишен ден,прифаќање на првачињата со свечена приредба | Одговорни наставници и ученици | IX |
| 4 | Одбележување на 8 ми Септември-Денот на независноста на Р.Македонија | Одговорни наставници и ученици | IX |
| 5 | Одбележување на Меѓународниот ден на мирот | Одговорни наставници и ученици | IX |
| 6 | Учество на конкурси по повод 13 Ноември | Одговорни наставници и ученици | X |
| 7 | Акции за уредување на училишниот двор и околината | Одговорни наставници и ученици | X |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Одбележување на детската недела | Одговорни наставници и ученици | X |
| 9 | Одбележување на Денот на ООН -24 Октомври | Одговорни наставници и ученици | X |
| 10 | Одбележување на Меѓународниот ден на штедењето 31 октомври | Одговорни наставници и ученици | X |
| 11 | Одбележување на 17 март- Ден на крводарителството | Одговорни наставници и ученици | III |
| 12 | Уредување на училишниот двор и непосредната околина и Одбележување на Денот на пролетта-Денот на екологијата-21 Март | Одговорни наставници и ученици | III |
| 13 | Одбележување на Денот на шегата и смеата-1 ви Април | Одговорни наставници и ученици | IV |
| 14 | Одбележување на Денот на здравјето - 7 ми Април | Одговорни наставници и ученици | IV |
| 15 | Акции за заштита на животната средина, | Одговорни наставници и ученици | IV |
| 16 | Организирање на училишни,општински и градски натпревари по одредени наставни предмет | Одговорни наставници и ученици | II- VI |
| 17 | Одбележување на Патронатот на училиштето 4 Мај Свечена приредба,ликовно и литературно творење,спортски натпревар. | Одговорни наставници и ученици | V |
| 18 | Одбележување на 24 Мај-Денот на словенските просветители Кирил и Методиј | Одговорни наставници и ученици | V |

## Годишна програма за работа на заедницата на паралелката I-V одд. за учебна 2023-2024 година.

| Р.бр. | Активности | Цели | Потребен материјал | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Запознавање на учениците со избор на тела во паралелката од страна на наставникот | -Организрање на заедницата на паралелката | Прирачник – водич за ученичко организирање | Септември 2023 година |
| 2 | Пријавување кандидати за тела на паралелката | -Практикување на демократијата и демократко учење во училиштето | А4 бела хартија, маркер | Септември 2023 година |
| 3 | Реализација на процедурата за избор на тела на заедницата на паралелката | -Практикување на демократијата и демократко учење во училиштето | Маркер, табла, кутија, гласачки ливчиња, А’ формат бела хартија, селотејп | Септември 2023 година |
| 4 | Избор на постојани тела во паралелката и избор на ученици кои ќе членуваат во телата;<br>- тело за екскурзии;<br>- тело за собирање прилози и други хуманитарни активности;<br>-тело за естетско уредување на училницата и училишните паноа;<br>- тело за еколошки активности;<br>- тело за спорт; | -Учествување во планирање и организирање на постојани тела<br>-Водење состаноци и записници<br>-Донесување одлуки | Маркер, табла, кутија, гласачки ливчиња, А’ формат бела хартија, селотејп | Септември и октомври 2023 година |
| 5 | Избор на повремени тела во паралелката<br>-носење униформи;<br>-помагање на ученик во учење;<br>-разрешување на актуелни проблеми и конфликти;<br>-тело за подготовки за приредби; | -Учествување во планирање и организирање на повремените тела<br>-Водење состаноци и записници<br>-Донесување одлуки | Маркер, табла, кутија, гласачки ливчиња, А’ формат бела хартија, селотејп | Во текот на учебната година - по потреба |
| 6 | Изготвување на планови за активностите кои ќе ги имаат телата и поделба на улогите на учениците како членови на телата | -Изготвување план и програма за секое поединечно тело и да се поделат улогите на членовте | А 4,бела хартија, | Октомври 2023 |
| 7 | Спроведување на активностите и | -Спроведување на предвидените | | Во текот на учебната |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | дејствување на телото во зависнот од предвидените планови и програма | активности | | година |
| 8 | Одржување состаноци на заедницата на паралелката еднаш месечно | -Одлучување за прашања поврзани со учењето, престојот во училиштето, меѓусебните односи и односите со возрасните<br>-Активно помагање и дејствување во заедницата на паралелката | А4 бела хартија, маркер | Во текот на учебната година |
| 9. | Вклучување и активно учество на учениците од IV-V одд.во активностите на Ученичкиот парламент . | Одлучување за прашања поврзани со наставата, престојот во училиштето, успехот на учениците,меѓусебните односи ,иницијативи и акции<br>-Активно помагање и дејствување во УП. | Прирачник – водич за ученичко организирање | Во текот на учебната година |
| 10. | Информирање за одлуките,дискусиите,дебатите ,иницијативите од Ученичкиот парламент во заедницата на паралелките. | -Промовирање и почитување на демократските права на учениците. | Прирачник – водич за ученичко организирање | Во текот на учебната година |

Забелешка: Учениците од I одд.целокупната активност ја водат со помош на наставникот и вклучен претставник од родителите, поради тоа што учениците сеуште не се описменети,учениците но останатите ученици веќес е самостојни ,а учениците од четврто и петто одделение се вклучени во активностите на Ученичкиот парламент.За сите свои активности-средби се водат записници .

**Програма за работата на заедницата на паралелката (VI- IX одд.) за учебната 2023-2024 год.**

Според членот 68 од Законот за основно образование, „сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште (став 1). За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент (став 3)“. Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици во паралелката (одделението). Задачите на заедницата се да одлучува за прашања поврзани со учењето, престој во училиштето, меѓусебни односи, како и односи со возрасните во училиштето. Работата на заедницата на паралелката ја води претседателот на одделението.

| Ред. бр | Вид на активност | Цел | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Пријавување на кандидати за избор на претседател, заменик претседател и учесници во тела на паралелката | Избирање на претседател и негов заменик Формирање на тела на паралелката | Септември 2023 |
| 2 | Избирање на претседател и заменик претседател на одделенската заедница | Применување и почитување на демократските права на учениците | Септември 2023 |
| 3 | Избирање на постојани и повремени тела | Применување и почитување на демократските права на учениците | Септември 2023 |
| 4 | Донесување на план со конкретни активности за работата на заедницата на паралелка | Правилно функционирање и насочување на одделенската заедница | Септември2023 |
| 5 | Запознавање со куќниот ред на училиштето и други протоколи и правилници | Почитување на правилата на ниво на училиште | Октомври 2023 |
| 6 | Разгледување на тековни проблеми и потреби на учениците | Решавање на тековните проблеми и потреби на учениците во наставата | Во текот на целата учебна 2023-2024 год. |
| 7 | Расправи, дискусии за конкретни проблеми во меѓусебната комуникација, во комуникацијата со наставниците и сл. | Решавање на тековните проблеми и потреби на учениците во наставата | Во текот на целата учебна 2023-2024 год. |
| 8 | Договори околу учество во воннаставни активности | Промовирање и претставување на училиштето и одделението | Во текот на целата учебна 2023-2024. |
| 9 | Договор за учество во хуманитарни акции | Подигање на учениците за помагање и развивање на навика за хуманост | Во текот на целата учебна 2023-2024 |
| 10 | Разгледување на успехот, дисциплината и редовноста на учениците во одделението | Подобрување на успехот на сите ученици | Во текот на целата учебна 2023-2024 |
| 11 | Информации за дискусиите и одлуките на Ученичкиот парламент | Применување и почитување на демократските права на учениците | Во текот на целата учебна 2023-2024 |
| 12 | Информации за дискусиите на Родителските средби | Применување и почитување на демократските права на учениците | Во текот на целата учебна 2023-2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13 | Презентирање на извештајот на реализираните активности на одделенската заедница | Презентирање на се што е сработено во текот на учебната годината | 2023-2024 |

## Програма за работа на ученички парламент учебна 2023-2024 година

Според членот 68 (став 3 и 4) од Законот за основно образование, за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент.
Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.
**Координативното тело на ученичкиот парламент** е составено од координаторите на одделенија, двајца претставници – наставници именувани од директорот на училиштето од редот на тимот за поддршка на ученичко учество (без право на глас) и секретарот на ученичкиот парламент.
Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на годишен распуст.
Активностите во ученичките организации во училиштето се од посебно значење за правилниот воспитно – образовен развој на учениците.

**<u>Ученичкиот парламент:</u>**

- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците;

- го промовира ученичкиот активизам;

- учествува во активностите за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и вонннаставните активности;

- учествува во подготовката на годишната програма за работа;

- дава предлог-активности за годишните програми за екскурзии;

- дава предлози за воннаставни активности на училиштето;

- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард;

- учествува во евалуацијата на работата на училиштето;

- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет;

- организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа;

- активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;

- го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, истражувања, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации;

- поднесува иницијативи и барања до училишните органи за подобрување на пристапот и квалитетот на образование во училишната установа;

- соработува со институциите и другите организации што работат со младите;

- промовира отчетност и транспарентност пред сите ученици преку  информирање за своите активности.

Организационо, се работи според изработен годишен план, со одржување редовни состаноци, на одредени теми. Во темите се опфатени: успехот и поведението на учениците, културно - забавниот живот, социјалните прашања, дискусии за одредени теми, естетскиот изглед на училиштето и други прашања во училиштето.

Во реализација на годишната програма, активно се вклучени учениците,директорот на училиштето, родителите, наставниот кадар и педагошката служба на училиштето.

**Годишен план за работа на ученичкиот парламент (акциски план на активности)**

| Реден број | Активности | Временски рок | | | | | | | | | | Носители на активноста | Материјални/човечки ресурсии извори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | | |
| 1. | Конститутивна седница<br>- Избирање на комисија од три члена која го спроведува изборот на претседател, заменик претседател, секретар на ученичкиот парламент | | | | | | | | | | | Директор, тим за поддршка, стручна (педагошко-психолошка) служба, ученици од IV-IX одд. | Училница, хартија,гласачки ливчиња, пенкало и кутија (набавка од училиштето) |
| 2. | Избирање на претседател на | | | | | | | | | | | Директор, тим за поддршка, | Училница, хартија,гласачки ливчиња, пенкало, кутија (набавка од училиштето) |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ученичкиот парламент | | | | | | | | | | | стручна (педагошко-психолошка) служба, ученици од IV-IX одд. | |
| 3. | Избирање на заменик - претседател и секретар на ученичкиот парламент | | | | | | | | | | | Директор, тим за поддршка, стручна (педагошко-психолошка) служба, ученици од IV-IX одд. | Училница, хартија,гласачки ливчиња, пенкало и кутија (набавка од училиштето) |
| 4. | Избирање на координатори на одделение | | | | | | | | | | | Директор, тим за поддршка, стручнапедагошко-психолошка служба, ученици од IV-IX одд. | |
| 5. | Избор на двајца претставници за учество во Училишниот одбор | | | | | | | | | | | Директор, тим за поддршка, стручна (педагошко-психолошка) служба, ученици од IV-IX одд. | |
| 6. | Донесување програма за работа на Ученичкиот парламент | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV – IX одделение, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови) | Училница, компјутер,програма за работа на ученичкиот парламент, Водич за ученичко учество и организирање, интернет (набавено од училиште и од педадгошка служба) |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Улога и распределба на работни задачи | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV – IX одделение , координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови) | Училница,хартија, програма за работа на ученичкиот парламент, Водич за ученичко учество и организирање, интернет (набавено од училиште и педагошка служба) |
| 8. | Запознавање со куќниот ред на училиштето, кодекси на однесување и облекување | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV – IX одделение, координативно тело на ученичкиот парламент( 9 членови), педагошко-психолошка служба | Училница,хартија, програма за работа на ученичкиот парламент, Водич за ученичко учество и организирање, куќен ред на училиштето,правилници, интернет, компјутер (набавка од училиште и од педагошка служба) |
| 9. | Назначување на членови како дел од комисијата за избор на ученички правобранител | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV – IX одделение, педагошко - психолошка служба | Водич за ученичко учество и организирање |
| 10. | Работилница: Запознавање со Конвенцијата за правата на детето | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд., координативно тело на ученичкиот | Конвенција за правата на детето на детски јазик,компјутер, проектор,Историјат на Конвенцијата , интернет (набавка од училиштето и педагошка служба) |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | парламент ( 9 членови), правобранител ( и заменик), педагошко-психолошка служба | |
| 11. | Учество во хуманитарна акција<br>Ден на гладта | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд , координативно тело на ученичкиот парламент ( 9 членови), одделенски раководители и ученици од I – IX одд. | Простор за складирање на пакети за хуманитарната акција, хуманитарни пакети (набавка од родители, ученици и вработени во училиштето) |
| 12. | Следење и дискусии за успехот, поведението и редовноста на учениците | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд , координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба | Извештај за успехот на учениците во првото тримесечје од учебната 2023/2024 година.<br>(од педагошката служба) |
| 13. | Ден на толеранција - дискусија и предавање на | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, | Презентација, компјутер, видео, хартија, училница (набавка од училиштето) |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | тема „Различности“ | | | | | | | | | | координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители на VIII одд. | |
| 14. | Разгледување и дискусија за тековни проблеми со кои се соочуваат учениците | | | | | | | | | | Директор, членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент ( 9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители од I – IX одд. | Училница, хартија, формулари. (училиште, педагошка служба) |
| 15. | Евалуација за работата на ученичкиот парламент | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд , координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови) | ПРИЛОГ 14 - Форма на евалуационата листа за работата на ученичкиот парламент (од педагошката служба) |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16. | Вовед во тимската работа во паралелката и украсување на училиштето за Нова година | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд , координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители од I – IX одд. | Училнишни простории, украси, хартија, лепило. (од училиштето и од родителите) |
| 17. | Дискусија за полугодишниот успех на учениците | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба | Извештај за полугодишниот успехот на учениците во учебната 2023/2024година (од педагошката служба) |
| 18. | Почит меѓу половите и негување хумани односи меѓу учениците | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд , координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), | Прирачник за наставници, текстови со позитивни примери од општеството (од училиштето и од училишниот психолог) |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | педагошко-психолошка служба | |
| 19. | Учество во слободна активност за уредување на животната средина | | | | | | | | | | Директор, членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители од I – IX одд. | Училишни простории, училишен двор (од училиштето или надворешни соработници) |
| 20. | Водење грижа за лична хигиена | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители на IV, VI,VII и IX одд. | Прирачник за наставници, компјутер, видео, презентација, училница (од училиштето) |
| 21. | Евалуација за | | | | | | | | | | Членови на | ПРИЛОГ 14 - Форма на евалуационата листа за работата |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | работата на ученичкиот парламент | | | | | | | | | | | ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови) | на ученичкиот парламент |
| 22. | Учество при активности за одбележување на 8 Март | | | | | | | | | | | Директор, членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители од I до IX одд. | Училишни простории, изработки, хратија,лепак, ножички, украсни ленти, материјали за изработка на украси (набавка од родители и ученици) |
| 23. | Учество во активности за Денот на екологијата и планетата Земја | | | | | | | | | | | Директор,членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка | Училишни простории, училишен двор, садници (набавка од училиштето, родители или од надворешни соработници) |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | служба, одделенски раководители од I – IX одд. | |
| 24. | Учество во активности за одбележување на Денот на шегата | | | | | | | | | | Директор,членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд , координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители од I – IX одд. | Училишни простории, маски, украси (набавка од родители) |
| 25. | Учество во акција за чистење и уредување со зеленило и цвеќе | | | | | | | | | | Директор,членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови), педагошко-психолошка служба, одделенски раководители од I – IX одд. | Училишни простории, училишен двор, садници, цвеќе (набавка од училиштето, родители или од надворешни соработници) |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 26. | Активности по повод одбележување на Патрониот празник на училиштето | | | | | | | | | | | Директор,членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови),одделенски раководители од I – IX одделение, комисија за културно – забавен живот | Училница, хартија, украси, цд- плеер, материјали потребни за опремување на сцена, костими,лап топ, озвучување (училиште и родители) |
| 27. | Евалуација за работата на ученичкиот парламент | | | | | | | | | | | Членови  на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент (9 членови) | ПРИЛОГ 14 - Форма на евалуационата листа за работата на ученичкиот парламент (од педагошката служба) |
| 28. | Реализација за екскурзии, излети, посети на музеи, кино, театар, саеми, планетариум, градови | | | | | | | | | | | Директор, членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд , оддленски раководители и ученици од I – IX одделение | Програма за реализирање на екскурзии, излети и посети (родители) |
| 29. | Учество во | | | | | | | | | | | Членови на | Компјутер, интернет, кратка историја за делото и работата |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | одбележување на Денот на словенските просветители | | | | | | | | | | | ученичкиот парламент од IV-IX одд, одделенски раководители и ученици од I - IX одделение | на словенските просветители (училиште) |
| 30. | Анализа на успехот и поведението, пофалби, и награди за учениците | | | | | | | | | | | Директор,члено ви на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент ( 9 членови),педаго шко-психолошка служба | Извештај за успехот на учениците во учебната 2023/2024 година (педагошка служба) |
| 31. | Редовна комуникација и координација со стручната служба на училиштето | | | | | | | | | | | Членови на ученичкиот парламент од IV-IX одд, координативно тело на ученичкиот парламент( 9 членови) | Училишни простории(училиште) |
| 32. | Учество на седниците на училишен одбор,совет на родители и наставнички совет | | | | | | | | | | | Претставници од ученичкиот парламент | Училишни простории(училиште) |

***Планираните активности од годишната програма на Ученичкиот парламент ќе се реализираат во форма на*** :

- состаноци, предавања, дискусии,презентации, разговори и други тековни активности.

***Забелешка:*** Содржините и активностите можат да се менуваат и да се дополнуваат во зависност од потребите на училиштето, потребите на учениците, како и сите фактори кои влијаат за нивна реализација.

**Тим за поддршка:**

Маја Грујоска – предметен наставник по македонски јазик

Маја Смилеска – предметен наставник по англиски јазик.

## Програма за работа на ученички правобранител учебна 2023/2024 година.

Според членот 68, став 8, Законот за основно образование препознава ученички правобранител.
Ученички правобранител е ученичка функција и должност која претставува модел на ученичко учество чијашто улога е да се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. За да се обезбеди поголемо вклучување во различни одделенија, може освен ученички правобранител да се изберат и (најмалку) двајца негови заменици.
Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител и неговите заменици ќе биде составена од две примарни компоненти:

**1. Промовирање на детските права**

Задача на ученичкиот правобранител за промовирање на детските права примарно ќе биде реализирана преку:

- промотивни активности (едукативни работилници, дебати, инфо-денови итн.);

- информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права;

- подготовка на извештаи (полугодишен и годишен) во кои се сумирани поднесените поплаки и состојбите со прекршувањето на правата на учениците во училиштето).

**2. Поддршка за заштита на детските права**

Поддршката за заштита на детските права како задача на ученичкиот правобранител и неговите заменици ќе се реализира преку:

- поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето;

- препознавање прекршување на детските права и прибирање поплаки од учениците, кои понатаму ги доставува до стручната служба на натамошно решавање;

- подготовка и доставување приговори од страна на ученици поврзани со прекршување на нивните права од страна на наставниот и ненаставниот кадар во училиштето до директорот и до училишниот одбор;

- редовна комуникација и координација со стручната служба на училиштето;

- можно учество во работата на ученичкиот парламент и другите тела на училиштата на кои се разговара за проблеми поврзани со можни повреди на правата на учениците.

Во реализација на годишната програма, активно се вклучени учениците, директорот на училиштето, наставниот кадар и педагошката служба на училиштето.

**Годишен план за работа на ученички правобранител (акциски план на активности)**

